СТАНКО ПАВЛЕСКИ

ИЗДАВАЧКА КУЌА О.Е.О.

2002/2012

**2002**

ШИРОКО ОТВОРЕНИ ОЧИ,
стр. 14
EYES WIDE OPEN, 158

Кино Напредок 1
ПИШУВАНА ЛИКОВНОСТ -
СЛИКАН ЈАЗИК1 и 2, стр. 21
Napredok Cinema 1
WRITTEN ART – PAINTED
LANGUAGE1 and 2, 160

**2003**

Кино Напредок 2:
ПИШУВАНА ЛИКОВНОСТ -
СЛИКАН ЈАЗИК3, стр. 24
Napredok Cinema 2
WRITTEN ART – PAINTED
LANGUAGE 3, 162

**2004**

Кино Напредок 3:
ТРИЛОГИЈА ПРОВИНЦИЈА 1-
БЕЗ ЕКСПОНАТ, стр. 28
Napredok Cinema3
PROVINCIAL TRILOGY 1 –
NO EXHIBIT, 163

Кино Напредок 3:
ТРИЛОГИЈА ПРОВИНЦИЈА2
ДЕЛО НАД КНИГАТА, КНИГА
НАД КОРИЦИТЕ..., стр. 32 и 39
Napredok Cinema3
PROVINCIAL TRILOGY 2,
WORK BEYOND THE BOOK -
BOOK BEYOND THE COVERS...,
164, 166

Авторски низ појавното 1
СЕКОЈ ДЕН ПАРЧЕ
УМЕТНОСТ 1..., стр. 95
Artistically throug the
Phenomenal 1
EVERY DAY A PIECE OF ART
1..., 183

**2005**

СР ПАВЛЕСКИ&СТЕПАНОВ,
стр. 59
SR PAVLESKI&STEPANOV, 170

Кино Напредок 3:
ТРИЛОГИЈА ПРОВИНЦИЈА 3
ЗНАЦИ НА АТРОФИЧНА
КУЛТУРА..., стр. 42
Napredok Cinema 3
PROVINCIAL TRILOGY 3
SIGNS OF ATROPHIC CULTURE...,
167

Авторски низ појавното 2
СЕКОЈ ДЕН ПАРЧЕ
УМЕТНОСТ 2...,стр. 112
Artistically throug the
Phenomenal 2
EVERY DAY A PIECE
OF ART 2...,187

ПРОЕКТ ПРЕДГОВОР 1: ...,
стр. 49
PROJECT PREFACE 1: ... 168

**2006**

**2007**

Проекција Балкон
ПАРИЗ 2006 - АЛЕКСАНДАР
ТЕАТАР САРА БЕРНАР...,стр. 61
Projection Balcony
PARIS 2006-ALEXANDER
SARAH BERNHARDT THEATER...,
171

ПРОЕКТ ПРЕДГОВОР 2:
БРОТЧЕ ОД ТВРДО ПИСМО,
стр.54
PPROJECT PREFACE 2:
BOAT MADE OF HARD LETTER,
169

Проекција Балкон
ЊУЈОРК 2007 -
АВТОМОБИЛСКИ ПРОЗОРЕЦ 1
ТЕАТАР ТОМАС ХАРЛАН...,
стр. 72
Projection Balcony
NEW YORK 2007 -
A CAR WINDOW 1
THOMAS HARLAN THEATRE ...,
174

**2008**

Авторски низ појавното 3
СЕКОЈ ДЕН ПАРЧЕ
УМЕТНОСТ 3,
СОНЦЕ И МЕСЕЧИНА 1 ...,
стр. 120
Artistically through the
Phenomenal3
EVERY DAY A PIECE OF ART 3,
SUN AND MOON ..., 189

Проекција Балкон
ЊУЈОРК 2008 –
АВТОМОБИЛСКИ ПРОЗОРЕЦ 2
ТЕАТАР МАРКУС ГАРВЕЈ&МАН
РЕЈ 1913: ПРЕТСТАВУВА ...,
стр. 78, 86
Projection Balcony
NEW YORK 2008 -
A CAR WINDOW 2
MARCUS GARVEY& MAN RAY
THEATRE 1913: PRESENTS...,
177, 180

**2009**

СОНЦЕ И МЕСЕЧИНА 3А и 3Б,
стр. 134
SUN AND MOON 3A and 3B, 195

СОНЦЕ И МЕСЕЧИНА 2А и 2Б,
стр. 130
SUN AND MOON 2A and 2B, 194

Проекција Балкон
АЛЕКСАНДРИЈА 2009 - СКАРАБЕЈ
ТЕАТАР ЈАС ПТОЛОМЕЈ & Н.В.
НИШТОТО, стр. 88
Projection Balcony
ALEXANDRIA 2009-SCARAB
BEETLE
I PTOLOMEY MKD & H.M.
NOTHING THEATRE , 181

**2010**

**2011**

Авторски низ појавното 4
ИЗДАВАЧКА КУЌА О.Е.О. ...,
стр. 138
Artistically through the
Phenomenal4
PUBLISHING HOUSE O.E.O. ...,
198

**2012**

... ПИШУВАНА УМЕТНОСТ НА
УЛИЦА МАКЕДОНИЈА, стр. 150
... WRITTEN ART ON THE
MACEDONIA STREET, 205

# Станко Павлески
# ИЗДАВАЧКА КУЌА О. Е. О.
**2002/2012**

---

Stanko Pavleski
PUBLISHING HOUSE O. E. O.
2002/2012

НУ Музеј на современата уметност Скопје
NI Museum of Contemporary Art Skopje, Macedonia

2012

# “Dying is Fun” *

Зоран Петровски

Наеднаш, на почетокот на новиот милениум, скулптурата исчезна од уметноста на Станко Павлески. На местото на неговите масивни метални блокови, дрвени саркофази и сјајните бронзени објекти кои ги создаваше со голема посветеност и енергија речиси две децении, дојдоа дела засновани во прв ред на текстови, книги или публикации, но и различни ефемерни акции во природа, инсталации, перформанси проследени со документарни фотографски и видео записи, и воопшто речено техники и средства со кои во најголем дел тој го дематеријализира своето дело, го отфрли создавањето или произведувањето на скулпторски објекти. Ова нагло свртување на курсот, оваа драстична замена на медиумите, предизвика разбирливо и нагло свртување на курсот во поглед на содржината и карактерот на прашањата со кои се занимаваше во годините потоа. Па така, од традиционалните скулпторски проблеми и естетски универзалии, кои се движеа од истражувањата на формалните релации меѓу фигурата-објектот и просторот-архитектурата до метафизичките преокупации со трансцедентното, делата на Павлески сега се поместија кон примена на постапки типични за концептуалистичките практики[1], односно кон методологиите со кои тој во своето уметничко дејствување се зафаќа директно и непосредно со секојдневната, животна реалност, реагирајќи најнапред на состојбите во уметноста и во нејзиното институционално опкружување, но рефлектирајќи исто така и на општетствените и политички прилики. Од друга страна, намерата животните искуства да се раскажат и да се преточат во уметноста исто така директно и непосредно, го води и во изнесувањето пред погледот на јавноста, или како што тој самиот тоа го нарекува во “растајнувањето“ или “оттајнувањето“ на своите приватни и интимни човечки релации, развивајќи ја понекогаш таа приказна со таква ригорозна беспоштедност што ја затегнува до најтенки граници на издржливоста линијата која ги поврзува и раздвојува реалниот живот од дискурсот за него, каков што е меѓу другите и дискурсот на уметноста. Критичниот момент на самоукинувањето на вајарот, или парафразирајќи го Ролан Барт моментот на “смртта на авторот“ и почетокот на неизвесната авантура на неговото ново пронаоѓање се случи во 2002 година на изложбата *Опасни врски*[2] во Музејот на современата уметност во Скопје. На изложбата, која го третира прашањето на немоќта на уметноста да создаде релевантен критички и ангажиран однос кон стварноста и оттаму состојбата на морална индиферентност и чувството на живеење во “време на настани без последици“[3], Павлески го претставува делото *Широко отворени очи*, кое се состои од книга поставена на ѕид како изложбен експонат и наспроти неа слајд проекција на името на уметникот исклесано како во меморијална камена стела. Во поголемиот дел од изложената книга, насловена *Ненапишана книга до посредувачот,* Павлески поместува повеќе критички прашања и ставови упатени кон “посредувачите“ во уметноста, односно критичарите и институциите на уметничкиот систем. Неговата критика е во основа насочена кон моќта и влијанието на глобалните институции, организации и фондации во манипулацијата, диктирањето и обликувањето на уметничките процеси во склад со своите прагматични потреби, оттуѓувајќи го притоа уметникот од следењето

* *Dying is Fun* (Умирањето е забавно) е превземено од поднасловот на последната, недовршена книга на Владимир Набоков, The Original of Laura, Penguin Modern Classics, London, 2009. http://en.wikipedia.org/wiki/The_Original_of_Laura



на сопствените пориви и како што вели Павлески во почетниот став во книгата, одземајќи му го правото на “иницијалното во уметноста (кое) е свето место на авторот“.
Меѓутоа, иако содржината на книгата и исклесаното име на уметникот кореспондираат во една сосема јасна метафора во однос на темата на изложбата, сепак вистинскиот поттекст на ова дело е преиспитувањето на сопствените уметнички стојалишта и ослушнувањето токму на тоа свое “свето место“, на “иницијалното“ кое ќе ги одреди правците во кои ќе се движи понатаму неговото творештво. Како што може да се прочита во еден од расказите во неговата последна книга, *Пишувана уметност*, која ја издава десет години подоцна, причината за неговата одлука да излезе од рамките на продукцијата на скулпторски објекти е сосема прозаична, а истовремено и комплексна во однос на синхронијата со процесите во уметноста воопшто, но и во однос на неговата потреба да отвори простор за поинаков вид на комуникација: “Скулптурите никому не му служеа, ниту мене, прибрани по нивното изложување, распарчени, бидејќи во делови беа заради фамозниот проблем – просторот што на скулптурата и е повеќезначно судбински. Ми заземаа простор и грижа ми создаваа, а јас сакам да сум слободен, без и најмало робување, за да можам само на актуелното да мислам, а не да ме врзува уметноста што веќе сум ја создал. Не можев повеќе така да продолжам, би се затрупал во сопствениот продукт, а тие вистински никому не му требаа, освен на пар од неколкуте музеи и галерии (со скромна откупна политика), бидејќи за тоа и постоеја, да и служат на уметноста.“[4] Видена низ оваа призма, сликата со сопственото име врежано во камен делува како автоиронично дезилузионирање од еден романтичен рецидив за уметникот поставен и отфрлен од општетствениот пиедестал. Новиот пиедестал на кој Павлески сега се поставува со својата книга е предметот што го превзема телото на скулптурата (портокаловата боја на кориците на сите четири книги во издание на уметникот е бојата на суров лим и симболичното предавање на тоа тело) и користејќи ја специфичната терминологија на Павлески, таа е идеалниот “собирен предмет“ во кој се филтрираат и артикулираат неговите идеи, искуства и реализацијата на различни проекти. Термините со кои Павлески ги опишува своите изданија и својата практика воопшто е “пишувана ликовност“ или “пишувана уметност“ со што го означува не само процесот на создавање на “собирниот предмет“ или книгата, туку е и синоним за уметничкиот производ кој повеќе не е скулптура, ниту литература, но во извесна смисла ги соединува или има намери да ги соедини елементите на двата медиуми.
Во деценијата што следи по проектот *Широко отворени очи* и *Ненапишана книга до посредувачот*, книгите и изданијата на Павлески ќе продолжат да бидат реперните точки околу кои гравитираат повеќето негови различни проекти. Истата 2002 година, Павлески заедно со неговиот колега, скулпторот Томе Аџиевски ја конципираат рамката за проектот *Кино Напредок*, кој ќе се одвива во наредните четири години (2002-2005). Проектот под тој наслов е оригинално замислен за конкурсот на Министерството за култура за учество на Македонија на Биеналето во Венеција, но кој по одбивањето на комисијата за избор да го прифати за реализација, ги поттикнува двајцата уметници да одговорат со полемичен проект на одлуката на комисијата за нејзините сомнителни вредносни критериуми и нејасни образложенија, но и да го прошират понатаму овој проект и во серија од три други изложбени проекти кои ќе ги постават во Велес, Дебар и Гевгелија, а на кои ќе го додадат поднасловот *Трилогија Провинција.* Заедничката рамка околу која се соединети нивните инаку индивидуални, независни проекти во Кино Напредок е сосема лабава и во основа е одредена од нивното одбивање да се помират со состојбите кои во институциите на македонската уметност ги препознаваат како

негување на култура на немоќ, резигнација и индиферентност и својата уметност да ја стават во акција на тресење и будење на критичка свест и да и понудат простор за отворен дијалог.[5] Проектите на Павлески во овој контекст претставуваат фронтална, контроверзна и во еден дел жестока конфронтација со македонската критика на која не без значителна доза на сарказам и иронија и упатува замерки за прифаќањето на “заморот како доблест“ и за препуштањето на “летаргијата и трагикомичната апатија“, прашувајќи се притоа реторички “дали уметноста може вистински да замори“. Своите позиции во одбрана на уметноста од оваа институционална индолентност, тој ги поставува слично како и во *Широко отворени очи*, односно така што на критиката ќе и го понуди уметничкото дело како огледало во кое треба да го препознае својот испразнет лик но и да му го сугерира излезот од таа празнина. Во овој случај огледалото на Павлески доаѓа во вид на два специфични портрети. Во едниот од нив со сосема експлицитни наслов и содржина, *Знаци на атрофична култура-Заморените од уметност*, претставен како последен од провинциската трилогија во Гевгелија во 2005 година, Павлески изработува седум бисти портрети во негатив калапи, во кои цртите на портретираните можат да се препознаат во релјефите втиснати во тилот наспроти лицето кое, пак, отсуствува и останува да зјае од својата како дупка празнина.
Другиот огледален портрет е резултат на еден далеку поамбициозен и во поглед на концепцијата и содржината амбивалентен зафат. Станува збор за проектот *Книга над кориците – Моја антологија: Македонската уметност и критика 1954-2004*, еден вид двоен, кроки портрет на македонската ликовна сцена во последните педесет години. Книгата која ќе биде претставена есента 2004 година во Дебар, како второ продолжение од провинциската трилогија, првобитно е замислена како збирка на македонската критика, ограничена на избор од три текста предложени од самите критичари. Но во текот на собирањето на материјалот Павлески решава да ја прошири збирката по истиот принцип и во неа да ги вклучи и македонските уметници, поставувајќи ги така лице до лице творците и нивните “посредувачи“. Конечниот резултат на овој труд е книга што се простира на илјада страници и за која поради отсуството на некој осмислен методолошки приод не може да стане збор за академски или професионално издржано историографско или репрезентативно издание. Но во тој приод се разбира не лежи, ниту треба да се бара намерата на авторот. Напротив, оваа голема акумулација на текстови и претстави, кои за евентуалниот љубопитен читател можеби можат да понудат интересно патување низ еден лавиринт од случајно одбрани страници и содржини со слики, зборови, изрази, дела и животи има всушност симболично значење. Таа е повторно неговиот идеален “собирен предмет“ што станува јадровито тело, физички нуклеус кој го сместува меѓу симболичните портокалови корици и го поставува на исто таков портокалов квадар, симболичен постамент. Не помалку метафорична е и поставката на книгите, или подобро речено на тие тешки хартиени тули врз постаментот, која е речиси идентична со објектите од последниот голем скулпторски циклус на Павлески, *Барок во едното*[6]: три пати по две книги распоредени на еднакво растојание, кои се одвоени меѓу себе со стаклена плоча која прави да изгледаат како да лебдат над површината на постаментот, истовремено и споени и одделени во една нераскинлива врска како што се лицето и наличјето.
Пет години подоцна, Павлески го печати во ексклузивни десет примероци своето трето самостојно издание, книгата *Јас Птоломеј МКД и Н.В. Ништото*, која е суштински поразлична од претходните две и во многу контроверзна. Поводот за нејзиното издавање е изложбата во Галеријата на Језуитскиот културен центар во Александрија, Египет, кадешто со Томе Аџиевски и Јован Шумковски го реализираат последниот, четврти дел од нивниот заеднички проект наречен *Проекција Балкон*.



Станува збор за серија изложби во Париз (2006), Њујорк (2007 и 2008) и Александрија (2009) за кои општата концепциска рамка се релациите кои уметниците во самостојни проекти ги развиваат со тие градови или култури.
Павлески своите *Проекции Балкон* ги замислува како театарска сцена во чиешто средиште поставува одредена историска или современа личност, сместена директно или како алузија во некој клучен датум во македонската и светската историја. Сцената претставува некој вид невралгична “мемориска точка“, своевиден јазол од кој се шират патишта до различни факти или фикции поврзувајќи се во еден речиси надреален визуелен наратив поврзан директно или преносно со македонската историја или неправдите и симплифицираните видувања на историјата на “малите“и “големите“, доминантни култури, или како што вели Ивица Џепаровски “градејќи на тој начин една мета-фикционалност што треба да востанови други историски стварности, поинакви или паралелни со постојните и познатите“[7].
Наративната функција ја превзема типичниот “собирен предмет“ на Павлески, кој во *Театар Сара Бернар-25 октомври 1903* е портфолио со бројни фотографии, репродукции, факсимили од историски договори и географски карти, а во *Театар Томас Харлан – 10 септември 1901: Ворхол кули календар*, тоа се столни календари со седумдесет страни патување низ еден психоделичен колаж од неповрзани слики и времиња. Наспроти ова третата сцена, *Театарот Маркус Гарвеј&Ман Реј 1913, претставува*, ја сочинуваат десет извонредни црно-бели фотографии и видео запис од нивното снимање во студиото на Роберт Јанкулоски, кадешто Павлески си поигрува со за него карактеристичното користење со повеќесмислени и криптографски алузии, како што е тука случајот со неговото идентификување со моќната фигура на првиот голем водач за црнечки права, цитатите на познатите фотографии со црнечки маски на Ман Реј и неговиот омилен модел Кики, и конечно необичното вметнување на случајот со присвојувањето на деца од разни континенти на актерката Анџелина Џоли како метафора за континуитетот на формите на колонијализмот.
Интензивната преписка со некогашната студентка на Павлески, Билјана Кљаиќ, што никнува неочекувано од виртуелниот простор на интернетот и трае неколку месеци пред изложбата во Александрија, го наведува преписката да ја објави во целина и без никаква редакција. Одлуката ја базира, од една страна, на за него возбудливата идеја проектот “(...) да биде изложен во Александриската библиотека (...) наследничката на онаа древната и славна, основана од Птоломеј I Сотер, првиот од македонската династија фараони на тронот на Египет, (што) ме поттикна мојот проект да биде во слава на книгата, на што потајно помислував, откако преписката со Билјана добиваше сериозна полнота. Таквата можност ја доживував како своевидно враќање на Птоломеј дома, та оттаму и произлегува првиот дел од насловот...“ Од друга страна, пак, развојот на преписката го става пред предизвикот да ја “тестира растегливоста на уметничките рамки“[8]. И навистина, читањето на оваа брза и заводлива размена на мислења, информации, интимни и семејни исповеди, постепено добива интересен драматуршки заплет со една отворена и неодговорена морална дилема околу тоа кому му припаѓа правото на еден од двајцата уметници јавно да се објави или не нивната интимна преписка. Овие елементи кои ги содржи на моменти во прегнантна форма книгата на Павлески (и на Кљаиќ), би можеле да се доживеат и во литерарна и уметничка смисла. Но, притоа може да се постави и прашањето дали самото печатење во форма на книга на овој непосредуван микро исечок од животите и размислувањата на двајца луѓе е тоа што го издвојува ова дело во уметничка смисла од океанот други “четирања” кои без прекин течат и остануваат неотпечатени во комуникативните електронски мрежи? Еден од најблиските одговори на прашањето дали да се објави преписката и какви

се нејзините естетски и морални импликации, кои Павлески се обидува да го најде за себе и да ѝ одговори на Билјана е тоа дека “ако во таа идеја има нешто силно, тоа е личносното да се сподели со јавноста (...) бидејќи суштината е во личносното и во јавното во кое всушност се отсликува човекот ... се согласувам со тебе дека таму не сме важни ниту ти ниту јас, без разлика што сè се прекршува преку нас и нашите блиски“.[9] Зборувајќи за “естетската самосвест“ и “автопоетската самопрезентација“ во контекст на денешните концептуалистички практики и “глобалните мрежи на визуелните медиуми што создаваат *агора* за само-претставување, политичка дискусија и акција“, Борис Гројс вели дека денес “може да се зборува за појавата на ‘естетската самосвест‘ не тогаш кога светот го гледаме како населен од другите, туку кога почнуваме да размислуваме за нашата сопствена изложеност на погледот на другите. Уметничката, поетската, реторичката практика не е ништо друго освен сопствено претставување на погледот на другите, претпоставувајќи ја притоа опасноста, конфликтот и ризикот од неуспех.“[10]

Без оглед како ќе ги толкуваме ризиците на кои останува изложена оваа контроверзна книга на Павлески, она што можеме со сигурност да кажеме е дека во поглед на неговите претходни две изданија, таа дефинитивно раскрстува со остатоците на скулптуралната телесност компримирана во квадарната објектност на книгата; елементите што во *Ненапишаната книга до посредувачот* и *Книгата над кориците* беа можеби позначајни сегменти на делото отколку пишаната содржина. Со *Јас Птоломеј*, тежиштето на делото во потполност се пренесува на зборот, текстот, сликата и значењата кои тие ги создаваат.

Најновата, четврта книга на Павлески, *Пишувана уметност (Раскази)*, го покажува тоа поместување кон литерарна структура веќе и со самиот наслов. Во неа се објавени 23 раскази пишувани во период од една година (2010 – 2011), како зацртан проект во рамките на четвртото продолжение на *Авторски низ појавното-уметничко дејствување на планина.* Идејата за создавање на книгата во една зададена временска рамка е на извесен начин продолжение или проширување на неговиот концепт “Секој ден парче уметност“, којшто Павлески го постави на првата средба на групата која го започна овој неформален и отворен проект на планината Кадиица во 2004 година. Концептот подразбира спој на “иницијални“ или претходно испланирани акции, кои потоа како дела во процес се развиваат спонтано низ неговите доживувања на “појавното“, или се оставаат да се акумулираат во содејство со природните процеси и да се надградат низ фотографското или друго документирање. Серијата паралелни проекти, како *Ни еден ден без линија, Десет дена домување, Закопување цивилизациски знак* и др., се појавуваат одново и се дополнуваат со нови и во следните изданија на *Авторски низ појавното* (2005 и 2008), а некои како цртежите од циклусот *Сонце и месечина* продолжуваат да постојат и понатаму надвор од рамките на овој проект.

Меѓутоа, на последниот собир за “Уметничко дејствување во природа“ (АНП 4 во Манастирот Сливница, Преспа, 2010), Павлески ја прекинува таа практика и на учесниците им поделува книшка со три воведни раскази, кои ја најавуваат неговата намера за една година тие да прераснат во ново книжевно издание. Книгата ќе биде навистина промовирана точно една година подоцна на изложбите на АНП 4 во Велес и Ресен под името на фиктивната *Издавачка куќа Окнат Елва Овоет.*

Трите раскази, иако пишувани во трето лице или преку ликот на наратор се всушност автобиографски и зборуваат за неговиот скулпторски период и за причините за напуштањето на скулптурата (*Слобода или Смрт*), за неговата семејна историја (*Раѓање*) и за искуството со една негова рана серија цртежи исцртани со помош на удирање по буквите на машината за пишување “Олимпија“; искуство кое е несомнено всадено во генезата на неговата денешна пишувана уметност (*Второ раѓање*). Во расказите напишани во годината по овие три воведни, Павлески како да ја свртува наопаку идејата од “секој ден парче уметност“, пренасочувајќи го бележењето од видливото на внатрешното појавно. Тие го откриваат сето она што добило појавна форма во неговото творештво, но притоа ги осветлуваат и оние агли и бројни нијанси кои останале недопрени од посредувачите или од гледачот; тие го раскажуваат и сето она што не успеало да се појави и постои како сон, како белешка, како желба или како идеја која сега добива појавност како пишувана уметност - како пишувана скултура, слика, цртеж, но и како книжевност.



---

1 Терминот “концептуализам“ тука го користам во смисла на опредеулувањето и дефинирањето на терминот од страна на Луис Камницер, Џејн Фарвер и Рејчел Вајс: “Важно е да се направи јасна дистнинкција помеѓу концептуалната уметност како термин користен да се обележат во суштина формалистичките практики на трагата на минимализмот, и концептуализмот кој решително раскрсти со историската зависност на уметноста од физичката форма и нејзините визуелни вредности. Концептуализмот беше поширок израз којшто соединува широк распон на дела и практики, кои во радикалната редукција на уметничкиот објект, отвори нови можности за уметноста наспроти социјалните, политичките и економските реалности во кои настанува“, Luis Camnitzer, Jane Farver and Rachel Weiss, *Global Conceptualism: Points of Origin, 1950s-1980s*, New York, Queens Museum of Art, 1999, превземено од: Terry Smith, *One and Three Ideas: Conceptualism Before, During and After Conceptual Art*, e-flux #29, November 2011

2 *Опасни врски: После 85, Уметноста на нашето време*, автор на изложбата Лилјана Неделковска, Музеј на современата уметност, Скопје, 2002

3 Лилјана Неделковска, Исто

4 Станко Павлески, *Пишувана уметност (Раскази)*, самостојно издание, Скопје 2011, стр. 68

5 Во каталогот од завршната изложба во организација на Музејот на современата уметност, а прикажана во Националната галерија-Мала станица, даден е простор и за критиката да реагираат на предизвикот на Павлески и Аџиевски. Тесктовите на Соња Абаџиева во воведот на каталогот и на Марика Бочварова Плавевска, Лилјана Неделковска и Лазо Плавевски влегуваат во отворен дијалог и во оспорување на некои од тезите во делата на уметниците. Види во; Томе Аџиевски&Станко Павлески, Кино Напредок 3, Трилогија-Провинција, Музеј на современата уметност, Скопје, 2006

6 Станко Павлески, Барок во едното, Музеј на Град Скопје, 1998, предговор Лазо Плавевски

7 Иван Џепаровски, *Проекција Балкон: Томе Аџиевски, Станко Павлески, Јован Шумковски*, Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2009

8 Станко Павлески, *Јас Птоломеј МКД и Н.В. Ништото*, самостојно издание, Скопје 2009, стр. 137

9 Исто, стр. 242

10 Boris Groys, *Introduction – Global Conceptualism Revisited*, e-flux#29, November 2011



Станко Павлески:
Скулптурални... 4: 31
(24-38), 1992, типо-цртеж А4 (поединечно)

Stanko Pavleski:
Sculptural... 4: 31
(24-38), 1992, tipo-drawing on A4 (separately)

# “Dying is Fun” *

Zoran Petrovski

Suddenly, at the beginning of the new millennium, the sculpture disappeared from the art of Stanko Pavleski. In the place of his massive metal blocks, wooden sarcophaguses and the shiny bronze objects he used to make with great dedication and energy for almost two decades, appeared artworks based primarily upon texts, books or publications, but also different ephemeral actions in nature, installations, performances followed by documentary photographic and video footage, and, generally, techniques and means by which he dematerialized his work, rejecting the rendering or the production of sculptural objects. This sharp change of course, this drastic replacements of the media, necessarily lead to a sharp change of the course in regards of the contents and the character of the issues he was committed to in the years to follow. So, from the traditional sculptural problems and esthetic universals which spanned from the formal relations between the figure-object and the space-architecture to the metaphysical preoccupations with the transcendental, the works of Pavleski now shifted towards the procedures typical for the conceptual practices[1], that is, towards the methodologies of his artistic commitment which he applied when directly and immediately tackling the everyday, the life reality, reacting to the conditions in the art and its institutional surrounding, and also reflecting the social and political circumstances. On the other hand, his intention to tell the life experiences and turn them into art, also directly and immediately, exposed him to the public view or, as he calls it, the “disclosure” or “uncovering” of his private and intimate human relations; at some instances he develops that story with such rigorous mercilessness as if checking the durability of the line that connects and separates the real life from the discourse, which is, by the way, the discourse of art itself.
The critical moment of self-abolishment of the sculptor, or as Roland Barthes would say, the moment of the “death of the author” and the beginning of the uncertain adventure of his reinvention occurred in 2002 with the exhibition *Dangerous Liaisons*[2] in the Museum of Contemporary Art in Skopje. At that exhibition, which treated the question of the artist’s powerlessness to create a relevant critical and committed relation with the reality and, therefore, the state of moral indifference and the feeling of living in the “time of events with no consequences”[3], Pavleski showed his work *Eyes Wide Open* which consisted of a book set on a wall as an exhibit and right across it a slide projection of the artist’s name carved as in a memorial stone stele. In most of the exhibited book, titled *Unwritten Book to the Mediator* Pavleski includes several critical questions and attitudes addressed to the “mediators” in the art, that is, the critics and institutions of art. His critique is basically aimed towards the power and influence of the global institutions, organizations and foundations in the manipulation, dictation and modeling of the artistic processes in accordance to their pragmatic needs, thus alienating the artist from following his/her own impulses and, as Pavleski states at the beginning of the book, depriving him/her from the right to the “initial in the art (which) is a sacred place for the artist”.
But, although the contents of the book and the carved artist’s name correspond to a quite clear metaphor in regards of the topic of the exhibition, the real underlying text of this work is the reconsideration of his own artistic viewpoints and the feeling of this particular “sacred place” of the “initial” which defined the direction of the further development of his art. As stated in one of the short stories in his latest book, *Written Art*, which he published ten years later, the reason for his abandonment of the frames of producing sculpted objects is rather simple, but at the same time complex in relation to the synchronicity with the processes in the art in general, but also in relation to his need to make room for a different kind of communication. “The sculptures served nobody, me neither, brought back after being exhibited, divided to pieces due to the notorious problem - space, which is the bad fate of the sculpture. They occupied my space and worried me, while I want to be free, not a slave to anything, so that I could think about the current things, and not be bound to the art I have already made. I could not go on like that, I would end up buried in my own product, while actually, nobody needed them, except for a couple of museums and galleries (with a modest purchase policy), because that was their purpose, to serve the art.”[4] Seen through these eyes, the picture of his own name carved in stone seems like a self-ironic de-illusioned romantic relapse of the artist, set and rejected from the social pedestal. The new pedestal Pavleski places himself with his book is the object that assumes the body of the sculpture (the orange color of the covers of all four books is the color of crude tin and a symbolical rendering of that body) and, according to the specific Pavleski’s terminology, it is the ideal “gathering object” through which he filters and articulates his ideas, experiences and realizations of different projects. The words Pavleski uses to describe his publications and his practice are “written visuals” or “written art” which define not only the process of creation of the “gathering object” or the book, but is also a synonym for the artistic product which is no longer sculpture nor literature, but in a way joins or tends to join the elements of both media.
In the decade that followed, the projects *Eyes Wide Open* and *Unwritten Book to the Mediator*, Pavleski’s books and publications remained the reference points towards which most of his projects gravitated. In 2002 Pavleski, together with his colleague, the sculptor Tome Adžievski, conceived the frame of the project *Napredok Cinema*, which went on in the following four years (2002 - 2005). The project, initially titled under that name, was meant for the competition of the Ministry of Culture for the Macedonian participation at the Biennial in Venice, but since the selection committee rejected it, these two artists were inspired to answer with a polemical project to the decision of the committee, to its dubious value criteria and vague explanations. However, the controversy expanded soon after into a further development of the project in a series of three other exhibitions, set in Veles, Debar and Gevgelija, with an additional subtitle *Province Trilogy*. The common frame which included their individual, independent projects at the *Napredok Cinema- Province Trilogy* was quite loose and basically defined by their refusal to accept the conditions which, in the institutions of the Macedonian art, they see as supporting cultural powerlessness, resignation and indifference and assigned their art the task of shaking and waking the critical awareness and offer room for an open dialogue.[5] Pavleski’s projects in this context are a frontal, controversial and to some extent furious confrontation with the Macedonian critics which he, with a considerable dose of sarcasm and irony, reproaches for accepting the “tiredness as a virtue” and for giving in to the “lethargy of the tragicomically apathy”, asking rhetorically “can art actually get tired?” He sets his positions of defending the art from this institutional indolence similarly as in *Eyes Wide Open*, that is, by offering to the critics the work of art as a mirror where they should recognize their emptied look and offer them a way out of that void. In this case, Pavleski’s mirror comes in the form of two particular portraits. In one of them, with quite explicit title and content - *Signs of Atrophic Culture - Tired of the Art* - offered as the last of the provincial trilogy in Gevgelija in 2005, Pavleski made seven busts, portraits in negative molds in which the features of the portraits can be

---

* *Dying is Fun* is the subtitle of the last and unfinished novel of Vladimir Nabokov, *The Original of Laura*, Penguin Modern Classics, London, 2009. *http://en.wikipedia.org/wiki/The_Original_of_Laura*

recognized in the relief impressed into the heads across the faces which were absent and remained to gap as an empty hole.
The other mirror portrait is a result of a much more ambitious, yet ambivalent, endeavor, in regards of both its concept and its contents. It is the project *Book Beyond the Covers - My Anthology: the Macedonian Art and Critique 1954 - 2004*, a kind of a double, sketched portrait of the Macedonian art scene in the past fifty years. The book was presented in the autumn of 2004 in Debar as the second continuation of the provincial trilogy. It was originally conceived as a collection of Macedonian critiques, limited to a selection of three essays suggested by the critics themselves. But in the process of gathering the material Pavleski decided to expand the collection following the same principle and to include the Macedonian artists, thus setting face to face the artists with their "mediators". The ultimate result of this endeavor was a book of a thousand pages and, due to the lack of an elaborate methodological approach, it can not be considered an academic or professionally worked out historiographic or representative issue. But, this approach is not the point where the intention of the author should be looked for. On the contrary, this huge accumulation of texts and essays which to a curious reader might offer an interesting journey through a maze of randomly picked pages and contents, words, phrases, works and lives, actually has symbolical meaning. It is, once again, his ideal "gathering object" which turns into a solid body, a physical nucleus included in the symbolical orange covers and set on an orange parallelepiped, a symbolical base. The display of the books is even more metaphorical - those heavy paper bricks were set on the base almost identically to the objects of Pavleski's last great sculptural cycle *Baroque in the One*[6]: three times two books arranged at an equal distance, separated by a glass plate which made them look as if levitating above the surface of the base, at the same time both joined and separated into a permanent bond, same as the obverse and reverse.
Five years later, in ten exclusive copies, Pavleski published his third book - *Me Ptolemy MKD and H. M. Nothing*, which is fundamentally different from the previous two and much more controversial. The occasion for its publishing was the exhibition at the Gallery of the Jesuit Cultural Center in Alexandria, Egypt, where with Tome Adžievski and Jovan Šumkovski he completed the last, the fourth part of their joint project titled *Projection Balcony*. It consisted of a series of exhibitions, in Paris (2006), New York (2007 and 2008) and Alexandria (2009) for which the basic conceptual frame were the relations that the artists in independent projects develop with those cities and cultures.
Pavleski conceived his *Projections Balcony* as a theater stage, setting in its center a certain historical or contemporary person, either directly or as an allusion to a particular important date in the Macedonian or world history. The stage is a kind of a neuralgic "memory point", a particular knot from which ways to different facts or fictions spread, connected into an almost surreal visual narrative related directly or indirectly to the Macedonian history or the injustices and the simplified views on the histories of the "small" and "big", dominant cultures, or, as Ivica Džeparoski says, "thus building a certain meta-fiction, meant to establish other historical realities, different or parallel to the actual and known ones".[7] The narrative function is attained by Pavleski's typical "gathering object" which in *Theater Sarah Bernhardt - 25th of October 1903* is a portfolio with numerous photographs, reproductions, facsimiles of historical agreements and geographic maps, while in *Theater Thomas Harlan - 10th of September 1902: Warhol Coolly Calendar* it is a table calendar with seventy pages of travels through a psychedelic collage of unrelated pictures and times. Unlike this, the third stage, *Theater Marcus Garvey & Man Ray 1913 Presents*, is composed of ten brilliant black/white photographs and a video footage of their shooting in the studio of Robert Jankuloski where Pavleski plays with his typical use of ambiguous and cryptographic allusions, which, in this case, is his identification with the mighty figure of the first great fighter



for the rights of the African Americans, quotations of Man Ray's famous photographs with black masks and his favorite model Kiki, and finally, the unusual insertion of the case of adopting children from different continents by the actress Angelina Jolie as a metaphor of the forms of colonialism.
The intense correspondence with Pavleski's former student Biljana Kljaić which occurred unexpectedly from the virtual space of the internet and lasted for several months before the exhibition in Alexandria inspired him to publish the correspondence integrally, without editing. On the one hand, he based that decision upon the exciting idea to "(...) exhibit the project in the Alexandria library (...) the descendant of the ancient and glorious one, established by Ptolemy I Soter, the first from the Macedonian dynasty of rulers on the throne of Egypt, (which) inspired me to dedicate my project to the glory of the book which secretly occurred to me, as the correspondence with Biljana acquired serious fullness. I saw that opportunity as a particular return of Ptolemy home and this is where the title proceeds from..." On the other hand, the development of the correspondence posed the challenge to "test the expandability of the artistic frames".[8] And indeed, the reading of this quick and seducing exchange of opinions, information, intimate and family confessions gradually acquired an interesting dramatic story line with an open and unanswered moral dilemma on the issue which one of the two artists has the right to publish their intimate correspondence. These elements, included in the occasionally overburdened form of the book of Pavleski (and Kljaić), could be seen both in literature and artistic sense. But, the question arises if the very publishing in the form of a book of this micro scrap from the lives and reflections of two people is the feature that separates this work in an artistic sense from the ocean of other forms of constant "chats" which go on, yet remain unprinted in the communication networks? One of the closest answers to the question whether to publish the correspondence and what are its esthetic and moral implications which Pavleski tries to find for himself in order to answer to Biljana is that "if that idea has something strong, it is to share the personal with the public (...) since it is the personal and the public in which the man is, actually, reflecting... I agree with you that it is not about you and me, regardless of the fact that everything reflects through us and our loved ones".[9] Referring to the "aesthetic self-consciousness" and "auto poetic self-presentation" in the context of present conceptual practices and "(...) the global networks of visual media (which) are creating a new global *agora* for self-presentation, political discussions and actions ", Boris Groys states that today "we can speak of an 'aesthetic self- consciousness ' that emerges not when we look at a world populated by others, but when we begin to reflect upon our own exposure to the gaze of others. Artistic, poetic, rhetorical practice is none other than self-presentation to the gaze of the other, presupposing danger, conflict and risk of failure."[10]
No matter how we treat the risk to which this controversial book of Pavleski remains exposed, what we can say with certainty is that in regards of his earlier two publications, this definitely deals with the remains of the sculptural corporeality compressed into the parallelepiped objectivity of the book; the elements that in *Unwritten Book to the Mediator* and *Book Beyond the Covers* were probably more significant segments than the written contents. With *I Ptolemy* the focus of the work is completely transferred to the word, the text, the picture and the meanings they render.
The latest, the forth book of Pavleski, *Written Art (Short Stories)* shows this shift towards the literature structure with the very title. It contains 23 short stories written in a period of one year (2010-2011) as a project within the fourth continuation of *Artistically through the Phenomenal - Artistic Action in the Mountain*. The idea to make a book in a given time frame was in a way a continuation or an expansion of his concept "Every Day a Piece of Art" which Pavleski addressed at the first meeting of the group which initiated this informal and open project on the mountain Kadiica in 2004. The concept

includes a combination of “initial” or previously planed actions which later on, as works in progress, developed spontaneously through his experience of the “phenomenal” or are left to accumulate in interaction with the earlier processes and evolve through photographic or other documenting. The series of parallel projects, like *Not a Day without a Line*, *Ten Days of Housing*, *Burying a Civilization Sign*, and others, reoccur and complement with new ones in the next editions of *Artistically through the Phenomenal* (2005 and 2006), while some, like the drawings from the cycle *Sun and Moon*, kept on living outside the frames of this project.

However, at the last meeting for “Artistic Action in Nature” (AAN 4 in the Slivnica monastery, Prespa, 2010) Pavleski ended this practice and gave the participants a booklet with three introductory short stories which announced his intention to turn them into a new publication within a year. The book was indeed promoted exactly one year later at the exhibitions of AAN 4 in Veles and Resen under the title *Publishing House Oknat Elva Ovoet*.

The three short stories, although written in the third person or through the character of the narrator, are actually autobiographical and tell of his sculptural period and his reasons to abandon sculpting (*Freedom or Death*), of his family history (*Birth*) and the experience with a series of his early drawings made by banging on the “Olympia” typewriter; the experience undoubtedly incorporated into the genesis of his present written art (*Second Birth*). In the short stories written in the year after the three introductory short stories, Pavleski seems to have turned upside down the idea of “every day a piece of art”, redirecting the recording from the visible to the interior phenomenal one. They reveal the things that had acquired a phenomenal form in his art, yet also shedding light on the angles and numerous nuances which remained untouched by the mediators or the viewer; they also tell of all of the things that never managed to occur and exist as a dream, as a note, as a desire or as an idea which now acquires phenomenal aspect as written art - as written sculpture, drawing and as literature.

---

1 Here I refer to the word “conceptualism” in the sense of the definition by Luis Camnitzer, Jane Farver and Rachel Weiss: “It is important to delineate a clear distinstion between *conceptual art* as a term used to denote an essentially formalist practice developed in the wake of minimalism, and *conceptualism*, which broke decisively from the historical dependence of art upon physical form and its visual appreciation. Conceptualism was a broader attitudinal expression that summarized a wide array of works and practices which, in radically reducing the role of the art object, reimagined the possibilities of art vis-à-vis the social, political and economic realities within which it was being made”. Luis Camnitzer, Jane Farver and Rachel Weiss, *Global Conceptualism: Points of Origin, 1950s-1980s*, New York, Queens Museum of Art, 1999, taken from: Terry Smith, *One and Three Ideas: Conceptualism Before, During and After Conceptual Art*, e-flux #29, November 2011.

2 *Dangerous Liaisons: After ‘85, The Art of our Time*, curator of the exhibition Liljana Nedelkovska, Museum of Contemporary Art, Skopje, 2002.

3 Liljana Nedelkovska, ibid.

4 Stanko Pavleski, *Written Art (Short Stories)*, independent edition, Skopje, 2012, p. 68.

5 In the catalogue of the annual exhibition, organized by the Museum of Contemporary Art and shown in the National Gallery - Mala Stanica, there was room left to the critics to react to the challenge of Pavleski and Adžievski. The texts of Sonja Abadžieva in the introduction of the catalogue and of Marika Bočvarova Plavevska, Liljana Nedelkovska and Lazo Plavevski deal with an open dialogue, questioning some of the thesis in the artists’ works. See in: Tome Adžievski & Stanko Pavleski, Napredok Cinema 3, Province Trilogy, Museum of Contemporary Art, Skopje, 2006.

6 Stanko Pavleski, Baroque in the One, Museum of the City of Skopje, 1998, preface by Lazo Plavevski.

7 Ivan Džeparoski, *Projection Balcony, Tome Adžievski, Stanko Pavleski, Jovan Šumkovski*, Skopje, Macedonian Academy of Arts and Sciences, 2009.

8 Stanko Pavleski, *I Ptolemy MKD and H. M. Nothing*, independent edition, Skopje, 2009, p. 137.

9 Ibid, p. 242.

10 Boris Groys, *Introduction – Global Conceptualism Revisited*, e-flux#29, November 2011.

# Широко отворени очи

2002



# Широко отворени очи

2002, Музеј на современата уметност, Скопје

Книга - дело Ненапишана книга до посредувачот, А5 формат, 210 стр., поставена на полица од проѕирен плексиглас и проекција на името на авторот исклесано во камен, димензија на проекцијата 90x130см на 145см од подот, променливи димензии.

Книгата сугерира, иницира, критичарите да излезат од своите кабинети и да видат што се случува во ателјеата на уметниците. Од посредувачите се очекува дека преку нивните институции нема да го нарушуваат творечкиот амбиент и здравите позиции на уметноста. Но притоа се прашувам дали постојат доволно вредносни критериуми во рецентната теориска продукција, со што би се заштитило творештвото. Ова се некои од забелешките и прашањата упатени преку книгата до критиката и институциите: Иницијалното во уметноста е свето место на авторот / Кои прашања не ги заборавате при толкувањето на уметничкото дело? / Дали ве заведува погледот, лектирата или искуството? / Ако имате уметнички афинитети, реализирајте ги и покажете ги / Глаголот „бара” е често употребуван од посредувачот, што би значело: да биде направено, приложено, дадено, добиено итн. / М-р Бојан Иванов во каталогот SEE YOU SEE ME на Роберт Јанкулоски ќе напише: ... „Што да се прави со дело лишено

од уметнички проблеми, а оптоварено со човечки проблеми?” Во овој контекст (или вон него) прашањето е во принцип сериозно / Редефинирањето на културните дискурси во Македонија”, со што се зафаќаат поединци и институции, ме наведе на помислата дали вистински има потреба од отворањето на таа програма / И без петел се разденува, вели една народна поговорка / Нели и кога влегуваш како опонент го носиш ризикот да станеш близок до предметот на опонирање, ако не и самото тоа / Спуштен е прагот на читливост на делото. Што правиме со дела за кои не е доволна импресијата и не се читаат на прва? / Употребата на премногу цитати во текстовите ви го затапува погледот / Делото бара да се гледа, а фуснотите имаат негативно влијание на концентрацијата / Дали може да ве замолам да ми ги дадете насловите на вашата лектира, еве да речеме за последните неколку години / Уметноста е во опасност да се удави во море од зборови / Што е она за што сте сметале дека е потребно да се пишува, но никако да го напишете?

Идејата за проекција на моето име во релација со книгата ме втурна во поле на себепреиспитување и преиспитување на вредностите на сопствената продукција, иако беа недоволно јасни мислите и чувствата, сомничавоста и што сѐ не друго. Силно се сомневав и во она со што бев наумил да се зафатам во наредниот период, а книгата беше само вовед. Иако рамките на неколку наредни книги ми беа во главата, час бистро час матно,.. дури чувствував страв, треперење, некакво тонење проследено со мирис и вкус во грлото, состојба на која не можев да и го определам нејзиното вистинско име и презиме, ко тромб да ми ја затнуваше мислата, иако верував во моите уметнички проекции, дури ги сметав за силен авторски потег и вовед во некаков естетски пресврт.

Станко Павлески
26.09.2001








Фотографија: Лазо Плавевски














Фотографија: 1, Лазо Плавевски, 2-5, уметникот

кино
напредок
2002/2006



# Кино Напредок 1

## ПИШУВАНА ЛИКОВНОСТ - СЛИКАН ЈАЗИК 1 и 2

2002, Кино напредок, заеднички проект со Т. Аџиевски (два индивидуални проекти во заеднички конципирана проектност) поднесен на Конкурсот за избор на официјален преставник на Република Македонија на Биеналето во Венеција во 2003; четири графички прикази на проектот, 40х30см, текст на Наде Пешева и мој текст за проектот, 70х140см, проектот за првпат ќе биде претставен на изложбата во Музејот на современата уметност – Скопје, мај 2012

Проектот е дел од заедничкиот концепт со колегата Томе Аџиевски, насловен Кино Напредок. Проектот на Томе Аџиевски е насловен Албанците како метафора. Насловот и идејата на мојот проект, Пишувана ликовност – Сликан јазик низ критичка оптика ги третираат актуелните процеси во современата ликовна уметност. Во оптималната варијанта проектот е конципиран во формат на книга со текстови на познати критичари, куратори и теоретичари на визуелните уметности од Македонија, Југоисточна Европа, Рим, Берлин, Њујорк, Москва и Токио, кои ќе се согласат да доставаат свој текст (за соодветен надоместок) на тема што сметаат дека ја одразува состојбата во современата уметност, во контекст на насловот на мојот проект.
Целосниот тираж на книгата е замислено да биде изложен на штанд со натпис Пишувана ликовност –

Сликан јазик, формирајќи впечатлив квадар врз метална квадарна подлога (70x360x150см) поставена централно во просторот. Селекција од текстовите во книгата, зголемени на 145x100см и врамени во стилски рамки, се носечката слика на изложбата, вклучувајќи ги и предвидливите перформички случувања околу централниот штанд. Имињата на авторите на текстовите се врежани на месингови плочки поставени под рамката на „текстовните слики/сликите текст”. Доколку првобитната реализација на проектот е оневозможена од некои можни пречки, постои и алтернативна варијанта во која наместо книгата и врамените текстови по целата површина на ѕидовите (обоени во сочно црна), со месингови букви треба да бидат испишани имињата на повеќе светски познати историчари на уметноста, ликовни критичари, куратори и теоретичари на визуелната уметност. Насловот на проектот Пишувана ликовност – сликан јазик исто така е испишан со месингови букви, во големина читлива од самиот влез во галеријата, адекватно димензионирани  на ѕидната површина. Се користам со авторите на јазикот за уметноста и нивниот говор за вистините во неа за да ја истакнам појавата и всушност актуелната состојба на пренагласување на нивната улога во уметноста, наместо да останат посредници и да го негуваат говорот за визуелниот говор.
Со тоа се прашувам, дури и подиректно од темата на биеналето „Соништа и конфликти – диктаторство на гледачот”, кој тоа врши диктаторство „на“ (коешто јас би го нарекол „врз“) гледачот, пред неговите широко отворени очи од збунетост кон (вклучувајќи го тука и моето дело за согледаната состојба...) репозиционирањето на дискурсите какви што се уметноста и теоријата за неа и исправен пред посната (дали навистина?) визуелност што му се нуди.

Станко Павлески
14.01.2002











Графички прикази: Денис Сарагиновски

# Кино Напредок 2

2003, Културен центар Точка, Скопје

## ПИШУВАНА ЛИКОВНОСТ – СЛИКАН ЈАЗИК 3: ДИКТАТОРСТВО ОД ПОСРЕДУВАЧОТ – ТРИ БОИ

---

Заеднички проект со Томе Аџиевски во продолжение на проектот со ист наслов, поднесен на Националниот конкурс за Венециското Биенале во 2003. и одбиен од комисијата. Кино Напредок 2 е протестен одговор на нејасните критериуми на комисијата за избор и на нејзината лажна авторитарност; три платна (поединечна дим. 133x93см) на кои е отпечатено Образложението на националната комисија; Рецепт за специјалитет „Венецијана“ отпечатено на платно 100x70см; стилско поштенско сандаче набавено во Венеција (сопственост на Викторија Васева Димеска) во улога на предмет-знак за понудена комуникација; променливи димензии.

---


НАПРЕДОК 2

ГОДИНА 1, БРОЈ 1

18 АПРИЛ - 09 МАЈ 2003

стр-2-9

СТАНКО ПАВЛЕСКИ

ПИШУВАНА ЛИКОВНОСТ-СЛИКАН ЈАЗИК III

Диктаторство од посредувачот ТРИ БОИ

Македонска преродба100
Скопје,Р.Македонија
тел ++ 389 2 34 50 02

Партение Зографски 39
Скопје, Р.Македонија
тел++389 2 17 84 33

стр-10-18

ТОМЕ АЏИЕВСКИ

Албанците како метафора

ЗА ДОВЕРБАТА



Дневник










Фотографија: 1-3, Драгољуб Ненковиќ, 4, уметникот

# Кино
# Напредок 3

2004, Спомен куќа на Васил Главинов, Велес

## ТРИЛОГИЈА ПРОВИНЦИЈА 1

### БЕЗ ЕКСПОНАТ - ДЕЛОСЕБЕСОБИРАЊЕ ВО МАНИФЕСТАЦИИТЕ ОКОЛУ ДЕЛОТО

---

Првиот од трите заеднички проекти со Томе Ациевски, лист А4 со текст за проектноста, говор/перформанс на Драган Миладиновски за авторот, публиката како хепенинг...

---



СТАНКО ПАВЛЕСКИ

**БЕЗ ЕКСПОНАТ**

**Делосебесобирање во манифестациите околу делото**

Во изместениот уметнички центар на опсервација
*за периферното што се создава како центар*

Во најавата за изложбата
*за одтајнувањето низ вообразбите во меѓувреме*

Во празниот изложбен простор
*за полето означено од / со авторот*

Во говорникот и говорот за авторот и “празното” (перформанс со Драган Миладиновски)
*за вообразбите во прво лице*

Во публиката (хепенинг со еден условен означител – време и простор на случување)
*за причинскиот центар на настанот, низ феноменот на потребите, очекувањата, навиките, предзнаењата, површностите, статусното и други состојби и вообразби во / вон делото*
















Фотографија:1, Станимир Неделковски (дизајн на плакатот на фотографијата: Томе Ациевски), 1 и 3-6, Спасе Перовски, 2, Станимир Неделковски

# Кино Напредок 3

2004, Дом на културата, Дебар

## ТРИЛОГИЈА ПРОВИНЦИЈА 2

### ДЕЛО НАД КНИГАТА - КНИГА НАД КОРИЦИТЕ: МОЈА АНТОЛОГИЈА - МАКЕДОНСКАТА УМЕТНОСТ И КРИТИКА 1954 – 2004

Вториот од трите заеднички проекти со Томе Аџиевски; Книга над кориците: Моја антологија - македонската уметност и критика 1954 – 2004, Самостојно издание, Скопје 2004, 1002 страници, 25x19см; шест книги; квадар 70x200x100 см; стакло со дебелина од 1 см, 100x200см









Фотографија: уметникот

СТАНКО ПАВЛЕСКИ

# ДЕЛО НАД КНИГАТА

## КНИГА НАД КОРИЦИТЕ

Моја антологија – македонската
уметност и критика 1954 – 2004

STANKO PAVLESKI

# A WORK BEYOND THE BOOK

## A BOOK BEYOND THE COVERS

My Anthology - Macedonian
Fine Art and Critique 1954 - 2004

**УМЕТНОСТ и малку другост - ДЕФОКУСИРАЊЕ кон:**

ТРИЛОГИЈА - ПРОВИНЦИЈА?

Филозофија на НУЖНОТО:
Широко отворени очи, слободен пад,
СТОЈ НА ГЛАВА. Дали револт, пркос,
ПРОВОКАЦИЈА? Чиста ЕНЕРГИЈА -
бистра вода, невестинска постела,
или во пукнатините на РАБНИТЕ МЕСТА,
ПРАВИЛАТА, ПОИМИТЕ...
Пукнатините сè во парче ќе престорат

**СÈ Е СЕКОГАШ ЗА ПОМЕСТУВАЊЕ**

**ART and a little bit of otherness - DEFOCUSING towards:**

TRILOGY - PROVINCE?

Philosophy of the NECESSARY:
Eyes wide open, free fall,
HEADSTAND. Is it revolt or opposition
PROVOCATION? Pure ENERGY -
clean water, wedding bed,
or in the cracks of THE LIMINAL POINTS,
THE RULES, THE CONCEPTS...
The cracks will turn everything to pieces

**EVERYTHING IS ALWAYS LIKELY TO SHIFT**

## Зошто оваа книга, овој проект, или десет точки за причините

1. Континуитет на мојата прва книга - дело „Ненапишана книга до посредувачот", всушност интересот кон одредени проблеми на критиката, но не само тоа...
2. За причинската замена на „улогите" со критиката, за да се чепне (уметнички) по нештата под „владеење" на критиката.
3. Бидејќи немаме доцеловит обид на едно место да се собере највредното од македонската ликовна критика и теорија, што е неразбирливо, а за мене повод за уметничка провокација.
4. За/кон проблемите „надвор" од самата ликовна уметност, а суштествени за уметничките процеси.
5. За критериумите, за вредностите, за професионалноста и слабостите – за да се намалат произволностите и целовито да се вдоми погледот во делото.
6. За проблемите во/околу уметноста (професионални, морални, системски...), иницијално присутни во книгата, а над/надвор од нејзините корици.
7. Во слава на авторот – создавањето и понатно за тоа колку е одржлива тезата дека авторот може најдобро да ја определи вредноста на сопствените остварувања.
8. За избирањето и презентирањето, за погледот и ликовното искуство/неискуство, љубопитноста, љубовта и доживувањето на уметничкото дело, создавањето и зрачењето на зборовите...
9. За нивото и придонесот на полемиките (од денес до групата Денес), бидејќи логично е очекувањето, полемизирањето да води кон квалитетно поместување на односите, како во оваа, така и во секоја друга свера на нашето делување.
10. За книшковната форма и поместувањето кон ликовно – уметничка.

## Why this book, this project, or ten points on the reasons

1. A continuation of my first book - work "An Unwritten Book to the Mediator", actually the interest for certain problems of the critique, but not only that...
2. Because of the causal exchange of the "roles" with the critique and in order to poke (artistically) the things that are under the "rule" of the critique.
3. Because we don't have an exhaustive attempt to bring together the most significant achievements of the Macedonian art critique and theory, which is inexplicable, and for me it is a reason for artistic provocation.
4. Because / on the problems "outside" the fine art itself, but essential for the artistic processes.
5. Because of the criteria, the values, the professionallity and the flaws - in order to reduce the arbitrariness and to aim the outlook solely on the work.
6. Because of the problems in / on the art (professional, moral, system...), initially included in the book, but beyond its covers.
7. Honoring the author - the creation and, subsequently, on the sustainment of the thesis that the artist is the best in evaluating his/her own achievements.
8. Because of the choosing and presenting, because of the outlook and the artistic experience / inexperience, curiosity, love and feeling of the artwork, the creation and the radiation of the words...
9. Because of the level and the contribution of the polemic (from the present to the group "Denes" - "Today"), since it is logical that the expectations and the polemics lead to a quality shift of the relations, in this, as well as in any other sphere of our endeavors.
10. Because of the book-like form and the shift towards the visual - artistic one.

Како напредуваше делото, од љубоморната Моја антологија..., произлезеното парче уметност и на местото на „злочинот", наречен **Трилогија – Провинција**.



How did the work advance, from the jealous My Anthology..., the outcoming piece of art and the "crime" scene called **Trilogy - Province.**





# ЗА КНИГАТА СО N.N.

Краток телефонски разговор со N.N. (милува да биде анонимна), воден на 20.07.2004. Превземено од уводниот дел од Моја антологија-македонската уметност и критика 1954-2004

Во разговорот пријателката ми забележува за обемноста на материјалот и за структурата на книгата којашто повеќе наликува на зборник:

N.N. Овој твој зафат Станко се работи со години и исто така како што се однесуваш кога работиш на твојата скулптура, со полно внимание кон секој однос во структурата: кон линијата, допирот на формите, сенките, визуелните тежини, бојата, просторот и слично на тоа. Таква сериозност од тебе се очекува и кога зафаќаш во ваква материја, а книгата секако тоа го бара.
С.П. Но види, зборниковното (како ти наликува оваа работа) е само форма – сликата на нашата уметност и посебно критиката (помалку е разгледувана), која создадена низ мојот поглед ја нудам на увид (проверка) на јавноста. Има многу провокации во тоа. Очекувам да се запрашаме, некои лично, но повеќето прашањето го темелат во контекст на насловот на книгата. Дали имаме извртена слика (позитивна/негативна) за себе?
N.N. Добро, добро! Со првата твоја книга некако дојде на чист терен, на крајот тоа добро излезе, но во оваа работа, ќе ми простиш, се сомневам. Материјалот во првата книга имаше контекст што прилега на уметнички проект, а ова сега, не гледам дека има такви чисти позиции, но ќе причекаме да видиме. Ја имаш мојата поддршка и ти посакувам успех во ова што цврсто си го наумил.

Се поздравивме и го завршивме разговорот, поттикнат од циркуларното писмо/ покана да се вклучи во книгата, но доколку го продолжевме би било сосема извесно да се одвива близу мојата подолу срочена конструкција.

* * *
(извадоци)

С.П. Ти благодарам, а знаеш дека кога влегувам “цврсто“ (по твоите зборови) во некоја идеја ме подјадуваат мноштво сомнежи. Се надевам не мислиш дека сум тргнал со глава во ѕид.
N.N. Но Станко, тоа е антологија, а ние имавме една Антологија, со тој краток текст внатре (назнаки за претходното имаше и во нашиот фактички разговор), верувам си го прочитал. Не е сè во должината на текстот, но тоа е премногу набрзање сработено. Каде толку брзање, знаеш дека оваа работа бара сериозност (не ти недостасува, но,..) и се разбира, доволно време. Во сериозни институции на ваков зафат координирано и континуирано работат повеќе луѓе, и тоа неколку години. Не те разбирам, кај критичарите не си лимитирал број на страници на текстовите што бараш да ти бидат доставени. Пишуваш, до три текста, тоа не е прецизно, бидејќи секогаш и секаде, во вакви проекти, лимитите се очекувани.
С.П. Знам, но и кога не би знаел, логично е да се



претпостави.
N.N. Што ако некој ти достави педесеттина страници текст? Што тогаш?
С.П. Ништо, доколку имам простор ќе го објавам. Но ти се обидуваш да карикираш, бидејќи луѓето не се вчерашни да не знаат во што влегуваат. За проектот посакувам такви ситуации, бидејќи, на крајот на краиштата, сè е своевидна слика.
Да те вратам на сериозноста за која што ти зборуваш. Кон ова во што влегувам, моја драга пријателке, јас сум смртно сериозен, но тоа и не ќе е најважното. Ќе бидам банален, но ќе ти кажам дека на овој проект исто така работам подолго (прозвучев како да се бранам со нејзиното оружје), од капнувањето на идејата, откривање на креативните точки што треба да се домислуваат, до исчитување на материја, и да не ти ги споменувам сите фази, јасно ти е како тоа оди. Од Нова година наваму (но идејата е постара), со пристоен интензитет, целиот сум во ова, а од мај месец легнувам и станувам со Антологијата. Не знам како ме поднесува околината: луѓето во инситуциите каде што бев по чест гостин (во МСУ се почувствував како вработен и им благодарам што ме издржаа); авторите што ги поканив да бидат дел од книгата, а често ги потсетував на мене, всушност на материјалот; пријателите меѓу колегите; а за другарите и најблиските и да не ти зборувам. (...)
N.N. (...) Сакам да ти го свртам вниманието и на проблемот со Антологијата како стандард, нели, кога се влегува во дефинирано поле, треба да се почитуваат одредени правила. Каква ќе биде всушност оваа твоја Антологија?
С.П. Сакам да направам нестандардна Антологија. Избирам автори, не дела, иако меѓу тие две нешта најчесто не правам разлика, ниту тоа го забележав дека е јасно и уверливо во неколкуте антологии од различни области, што имав прилика да ги проследам; не го структурирам материјалот по подрачја и периоди, ниту правам соодветна анализа – толкување, што за Антологија е некако нужно - низ научна методологија да се одговори на изборот и поставените прашања.
Кај мене сè е подредено по азбучен ред: не се разграничени уметниците од критичарите; кај уметниците што досериозно, во одреден период се занимавале со ликовна критика, одбирам и од текстовите; кај критичарите (по образование) кои што досериозно се занимавале со ликовното, избирам и дела, доколку има квалитет адекватен на поводот; во книгата се застапени и текстови од уметници, што по мое убедување, подобро пишувале одошто практикувале уметност; од ликовните критичари речиси безмалку сите се во книгата - за каква Антологија разговараме, кога во тој дел и нема селекција, од разбирливи причини што претходно ги споменав. Забележуваш, замката е во тоа што во делот на критиката ова воопшто не наликува на антологија, всушност, тоа е само слика во функција на моите намери.
Сметам дека вниманието треба да го свртиш кон она што сакам да го направам и во рамките на тоа да зборуваме за слабостите, недоследностите или недореченостите. Не е во ред од оваа книга да бараш нешто што таа не го содржи, ниту ми било намера.
N.N. Но Станко, ти избираш и мора да ја прифатиш

одговорноста за твојот избор. Уметничките слободи се неограничени, но мора да бидат почувствувани, да се доживеат и, ако сакаш, да се разберат. Поводот да застанеш зад овој избор мора да темели на критериуми, преку кои си дошол до него.
С.П. Ќе бидам крајно искрен, на почетокот во мојата папка, стоеше работен наслов "Антологија на македонската ликовна критика". Се исплашив од насловот, но знаев дека таков или сличен проект ќе реализирам, бидејќи силен беше предизвикот, а идејата ми се виде одлична. Важно е и тоа што идејата влегува во рамките на она што работам последниве години. Да останев само на критиката, верувам би бил повеќе разбран, ќе беше по чиста намерата, но знаеш дека најчесто компликувам во желбата да ги истражам можностите. Од размислувањата и дилемите произлезе дека ќе биде поправдано за проектот да направам и антологиски избор на ликовните уметници – колегите, за да ја заокружам мојата слика за состојбите во македонската уметност – нели уметноста и критиката се едно или во однос.
N.N. Врага едно, каков однос!? А чуму ти се полемиките?
С.П. Види - види, те молам, ги имам критичарите, ги имам уметниците, а тие во принцип како плус и минус се спротивставени, а всушност се привлекуваат. Како што вели Раша Теодосијевиќ - уметниците и критичарите имаат иста дупка во главата и на исто место. Дупките им се шират и продлабочуваат, а нивните носители со внимание наслушнуваат како им свират дупките, занимливо нели. Се наметна за неопходно (во спротивно книгата би била осиромашена) да бидат третирани полемиките, реакциите и полемичките искажувања, бидејќи се во функција на сликата, а сликата за вљубените не е секогаш розова. (...)
N.N. (...) Сакам да те прашам и ова, нешто тука не ми е јасно. Како книгата ќе ја доведеш до уметнички проект-уметничко дело?
С.П. Сè ова што зборував/зборуваме го отсликува токму тоа. Нема потреба од многу јаснотија, кога нештата тивко ги одтајнуваат намерите и содржините, впечатокот е повозбудлив. Да не го повторувам наведеното во писмото што ви го испратив (врачив), а таму се набележани нештата што оваа книга ја прават уметнички проект – уметничко дело. Сметам дека е доволно јасно и уверливо соопштено моето гледање на овој проблем. Моја антологија... сега станува поднаслов или наслов за она во кориците, а нели, тоа не е основниот повод да настане ова дело. Провоцираната дилема преку двојноста во именувањето на книгата, нè турка кон помислата и прашањето, што е всушност предмет на истражување и кои се вистинските причини за овој проект. Создадената загатка сосема му прилега на делото. Во тој дух ќе биде и дизајнирањето на кориците. Книгата нема да ја именувам на корицата, таму кадешто вообичаено се именува, туку само на грбот, бидејќи има широк грб. Кориците ќе бидат само дизајнирани, што одново упатува на релации и дилеми меѓу уметничкото и книшковното. (...)

(извадоци од Книга над кориците, Самостојно издание "Кино Напредок 3", Скопје 2004, стр. 12.



## ДЕЛО НАД КНИГАТА -
## КНИГА НАД КОРИЦИТЕ:
## ОБВИНЕТИ ЗА СОУЧЕСНИШТВО

2004, фото инсталација, 12 фотографии (поединечно 30x40см), документ од средбите на уметникот со пријателите од фелата, според него совиновници во породувањето на книгата, дим. 70x230см.



Фотографија: Апостол Трпески











Фотографија: Лазо Плавевски

# Кино Напредок 3

2005, Народен театар, Гевгелија

## ТРИЛОГИЈА ПРОВИНЦИЈА 3

### ЗНАЦИ НА АТРОФИЧНА КУЛТУРА – ЗАМОРЕНИТЕ ОД УМЕТНОСТ...

Третиот од проектите со Томе Аџиевски, седум портрети (во негатив-калап) на македонски историчари на уметност и ликовни критичари, поставени на високи постаменти 145x50x50см, гипс и акрилик, димензии променливи.
2006, Музеј на современата уметност - Скопје, во Национална Галерија - Скопје, Мулти медијален центар Мала Станица, претставување на збирната изложба на проектот Кино Напредок 3




Дизајн на плакатот, уметникот



Фотографија:Томе Аџиевски









Фотографија: 1 и 2, уметникот, 3 и 4, Станимир Неделковски



Фотографија: Божана Трпческа



**СТАНКО ПАВЛЕСКИ**

## ЗНАЦИ НА АТРОФИЧНА КУЛТУРА
## ЗАМОРЕНИТЕ ОД УМЕТНОСТ
### Л И К О В Н И   К Р И Т И Ч А Р И ,   . . .

*Се „дружев“ со ликот и карактерите на „доминантната струја“ во македонската ликовна критика денес – заморот како доблест, задоцнетиот хедонизам и хедонизмите од секаков вид, помеѓу летаргијата и трагикомична апатија.*

**STANKO PAVLESKI**

## SIGNS OF THE ATROPHIC CULTURE
## T I R E D   O F   T H E   A R T
### A R T   C R I T I C S ,   . . .

*I used to "hang out" with the personalities and the characters of the "dominant currency" of the Macedonia art critique of today - with the weariness as a virtue, the delayed hedonism and the hedons of every kind, between lethargy and tragicomical apathy.*

Заморените од уметност – ЛКМЧ001 (детал од инсталација од 7 портрети во нагатив – калап), 2005, гипс и акрилик, 45x50x30

Tired of the Art - LKMC001 (part of an installation containing 7 portraits in negative - mould), 2005, plaster and acrilyc, 45x50x30



Заморените од уметност – ЛКЛН004 (детал од инсталација од 7 портрети во нагатив – калап), 2005, гипс и акрилик, 45x50x30

Tired of the Art - LKLN004 (part of an installation containing 7 portraits in negative - mould), 2005, plaster and acrilyc, 45x50x30

## ТРИЛОГИЈА – ПРОВИНЦИЈА
### ТРИ ПРОТИВПРАВИЛА ЗА ОДНОС

*го исправа ликовниот уметник пред: медиумската, галериско-музејската, и општествено-културната потреба да се покаже дека живеат, а следствено делото се троши и преобликува (се вади од кожа), во манифестациите на нивниот циркус – дефокусирајќи се кон филозофијата на нужното; пред недостатокот од жива потреба за следење на уметноста и процесите – толкувањето се доживува како празник, и пред летаргијата на македонската ликовна критика што ни се нуди како доволно живот.*

## TRILOGY - PROVINCE
### THREE COUNTER-RULES OF THE RELATIONSHIPS

*is confronting the artist with: the media, gallery-museum and social-cultural requirements to show that they are alive, while, consequently, the artwork is being consumed and remodeled (taken out of its skin) in the course of the events included in their circus, defocusing towards the philosophy of necessities; when there is a lack of vital need for following the art and its processes, before the lethargy the Macedonian art critique is offering to us as sufficient life, the apprehension is experienced as a holiday.*

ПРОЕКТ
ПРЕДГОВОР
2005/2008

# Проект Предговор 1

## КАКО ДА НАПИШАМ ДОБРА КРИТИКА КАКО ШТО ПИШУВААТ ЛИКОВНИТЕ КРИТИЧАРИ?

2005, Ликовен салон, Велес,
книшка А6 (40 стр. со превод на англиски),
вградена во плакатот - каталог
(48х48см, спакуван во формат 16х16см),
за проектот Кинетичка слика на сликарот
Спасе Перовски, 2007, Нови Сад (Србија) -
Балкан Арт '07, 2008, Мала галерија, Скопје,
самостојна изложба Јавност на Полубратска б.б.



Фотографија: уметникот

# Проект Предговор

Како да напишам добра критика како што пишуваат ликовните критичари?

Станко Павлески

## Предтекст:

Прв пат ја видов сликата на Стасе Перовски, пролетта минатата година, кога сеуште беше предел, но предел што сака да биде нешто друго. Тоа другото во што сликата требаше да се престори, го почувствував за императив на авторот да го дотре она што во мене го забележал како можен креативен пресврт кон слика-проект, всушност процесите што ја поместуваат сликата додека што таа подоцна станува – „единствен експонат" во проектот „Кинетичка слика".

Низ разговорот (колегијално дот) ме изненади неговата молба јас да му напишам текст (предговор) во каталогот, за она што тој го подготвуваше, бидејќи сметал дека погледот на ликовните критичари е „преширок" за да ги опфати фокусите врз проблемите во кои што влегува.

1

Се согласив (далиод професорски емоции кон поранешен студент и неговите очекувања?...), потајно надевајќи се дека штом ќе престане, ќе сфати во што влегува и дали му се исплатува „ризикот".

Секако интригантен е фактот што млад автор се лишува од „услугите" на ликовните критичари, губејќи ја со тоа шансата за момент да влезе во кругот на нивниот интерес и критичарскиот вредносен систем.

Дали се работи за револт, зошто и покрај неговото активно присуство (од 2000-та год.) на ликовната сцена во Македонија, ликовната критика не пројавила интерес (освен оние на кои лично им се „претставил") да се запознае со неговата работа и уштате да ја претстави пред јавноста?

Авторот се одлучува да ги „казни" ликовните критичари (здравое за уметничките процеси во Македонија), бидејќи ако тие досега не пројавиле интерес за неговото творештво, зошто тој би им давал шанса да можат да се реализираат.

2

Имаму, за неговите дела нема објавено ниту еден осврт или рецензија во нашиот дневен и неделен печат, или стручните списанија за култура и уметност и покрај фактот што има реализирано три самостојни изложби и значителни дела и проекти на симпозиуми, колонии и други групни изложби или проекти, од кои неколку и во странство, но тоа некој треба да го забележи/дознае, нели?

Доколку не ве разгледуваат (ова за младите) и не е некаков хендикеп за авторот (уметноста е за одбраните), но секако ќе страда некаква вистина и сликата во/за дадено време. Оттаму не очајувајте доколку не ве разгледуваат, бидејќи ликовната критика (генерално) и онака е не објективна (дури и кога е во ваша полза), поводлива е на периферности и неслободна за да може да го разграничи личното (... пријателства; дружби; „интереси"; разгалени ега до повлаѓување до политронство; заводливо лицемерие до лигавост; блиски средби од друг вид – шиенки – јаденки –

3

– хипокризија и невкус до повраќање; перверзија и празни шабетки за небаре мистичниот брак од љубов со уметниците; ...) од професионалното и нему ичан-ството: храброст; крв и солзи; широко отворени очи (наслов на еден мој проект од 2002 кој се однесува на потребата од самоанализа на авторот и неговото место и улога во уметничките процеси); некомпромисен пристап во толкувањето; љубопитност за откривање и поттикнување на нови авторски појави; не игнорирање на „проблематични", „лизгави" или „ризикантни" (по нив, од било кои причини) авторски истражувања; нерелативизирање на вредностите и оние во однос на инвентивноста и индивидуалноста на ликовно уметничката авторска артикулација и, се разбира, луѓе сме, справување со суетата; ...

Лично очекувам ликовните критичари (чест на исклучоци, ги имало и ќе ги има) да се храбри (професионални) како што се слободни во кулоарите и по кафеаните, бидејќи мудростите

4

што ги слушам никако да ги прочитам. А авторите „очекуваат" (покрај другото) да не се заминува пред тенките „креативни" фолирања на колегите и на нивните колеги, а делата да се гледаат и споредено со уметничките појави (време-простор-контекст) и авторски артикулации, овдешни и потаму од овде.

## Предпроект:

Се согласив да напишам ликовна критика (покрај љубовта кон уметноста и задоволството од она што имав прилика да го видам и слушнам од Стасе), бидејќи во мојата папка со проекти под бр. 17 стои, следен проект – „Ликовна критика", а предлогот на Стасе просто влета во моето поле на интерес, се накалеми во редоследот на моите проекти од последниве години. Замислата за проектот 17 – „Ликовна критика" првенствено требаше да биде презентирана на една/две страни во дневниот печат.

5

Со предлогот на Стасе за Предговор, истата претрпе измени во формата на презентирање, а суштината е иста – да презентирам ликовна критика со сите нијанси „како" ликовните критичари и без премногу авторско манипулирање со формата и поигрување со минималистички концептни досетки.
Дали авторот би бил среќен со „стандардна" ликовна критика, или со нешто „повеќе од текст – предговор за каталог, беше мојата дилема – „материјал" за работа, а целта и натаму доволно јасна како од почетокот – да напишам она што авторите „очекуваат" од ликовните критичари.
Каталогот на Стасе го користам како медиум за Проектот Предговор, а Стасе мојот проект го користи како предговор за неговиот проект, практично и корисно, нели?

6

# Проект Предговор

Како да напишам добра критика како што пишуваат ликовните критичари?

Во делото, прво гледам она што се гледа, потоа влегувам внатре, доколку внатре постои, а потоа гледам она што не се гледа.

Автоцитат од „Метална анатомија", објект од 1996/97

Некои македонски сликари милуваат да се нарекуваат Сликари (не дека тоа не се), јавно-свесно сепарирајќи се од уметничките процеси. Јас сум Сликар, дали треба да биде сватено како Јас не сум уметник и, оттаму (низ небаре создадениот дуализам) сум неспоредлив.
Од својата мака/состојба сакаат да создадат посебен круг на некакво издвоено прифаќање во уметноста

7

(бајки од магла), за маката да не може / може само во кругот да биде споредлива. Станува збор за малодушна глупост, всушност за чувство на некаква загрозеност и потреба за оправдување и самодокажување во косоздаденото кругче – демек мини космос и покрај фактот дека уметноста се создава и може да биде убава на различни начини.

Мој коментар од 1992 год.

Уметничкото дело можеби и нема да го издржи времето, но критиката (објективност во време) секако ја има таа задача и одговорност.

Мое размислување од 2002 г.

8

• Поглед (конедовршен текст) кон проектот „Кинетичка слика" што мисли една слика за самиот космос, на уметникот Стасе Перовски •

Гледаме од А: Галериски простор; фронтален галериски ѕид; во центарот на ѕидот, црн круг D-120cm; во центарот на кругот, слика – масло на платно со дим. 60x80/100x100 (по дијагонали) /80x60 cm/… (од пасивна во активна состојба) и, лист А4 формат со текст за техничките карактеристики на делото и белешка – сликата се врти на допир.
Авторот изложува една слика.
Сликата има своја пасивна состојба (хоризонтала во мирување) и активна (ротира околу централна оска), доколку ја допреме, всушност доколку ја искористиме белешката на авторот да се придружиме во досоздавањето на целоста на сликата, притоа создавајќи ја

9

нејзината разновидна визуелна другост.
Одлуката на авторот да изложи една слика, покрај другото (не и неважно) што го чини делото, не поставува пред прашањето за доволноста (оставете ја за момент настрана елементарната…) што се создава, бидејќи сепак станува збор за единствена слика (каква и да е) што претендира да еманира од самата себе кон сопственото проектно.
На што се должи обидот за една слика како сè?
Верувам дека авторот не помислува да не заведува или импресионира со минималистичката одлука да презентира само една слика, покрај свеста дека уметноста се создаваше и без слика или експонат од друга материјална или нематеријална природа. Во зависност од погледот и „мислењето" на уметноста, веќе и идеите стануваат „премногу материјални" (личен став), оттаму нејзината појавност (материјална/нематеријална) е непрестан предизвик на авторите во мислењето, преоткривањето и преиспитувањето, докрај да се интересираат за граничните места на таа појавност.

10.

Со што е специфично ова остварување на Перовски во смисла на барањето на доволноста што го оправдува уметничкото претставување и во однос на она што тој го создава како доволно, декларирајќи авторски став за доволност и покрај двонасочната суштина на таа категорија која сепак првенствено го мисли потребниот елементарен или пак експониран минимум што се затвора во едно дело/изложба, отколку што упатува на спротивноста – максимумот, но таа загатка кај него е повеќезначен предизвик што го прави посебно возбудлив овој обид на авторот. Во таа смисла значаен е еден исказ на авторот во однос на делото, кој парафразирајќи го ја има следната смисла: Потребната концентрација на авторот или пак гледачот, насочена кон дваесет слики е дваесет пати распурена енергија, тогаш зошто ни се дваесет слики.
Оттаму во нашиот разговор се отвора нова димензија (дали пресврт) индикативна за откривање на она што сликата го [illegible] во

11

сопственото проектно – авторот вели: „Сите, мои се шокирани од намерата за изложба со една слика… Сакам публиката (која публика? – мој коментар) да ја судрам со една слика, всушност да ги судрам со спротивностите на нивното поимање на нештата во уметноста… Имам потреба социолошки да делувам. Јас и како директор во Народен музеј – Велес дојдов од концептуални причини, бидејќи така можам да сторам нешто повеќе за уметноста" (создавањето уметност, нели е повеќе од концепт? – мој коментар).
Авторот ја започнува сликата, независно од контекстот но овој проект, пропета 2000 год. што се поклопува со периодот на неговите подготовки за првата самостојна изложба во Велес, реализирана кон крајот на истата година. Сликата ја започнува во УСО „Коле Неделковски" (каде предава ликовно образование) во приспособено ателје, всушност еден долг, тесен и темен, а висок простор со низа мали прозорци под

12

# Project Preface

How do I write a good review as art critics do?

Stanko Pavleski

# Проект Предговор 2

## БРОТЧЕ ОД ТВРДО ПИСМО

2007, Нови Сад, Балкан Арт ‘07, самостојна изложба Бротче од тврдо писмо, 2008, Мала галерија, Скопје, самостојна изложба Јавност на Полубратска б. б, две фотографии А3 и дванаесет А4

Фотографија: уметникот





BALKAN ART07 NOVI SAD

ТРАНЗИЦИЈАТА ВО УМЕТНОСТА - УМЕТНОСТА ВО ТРАНЗИЦИЈА

# ПРОЕКТ ПРЕДГОВОР 2 *

**Александра Крајиновиќ**

**Дипломиран професор по предучилишно воспитание** *

**Мојот привид, доколку постои видување како вовистинување на уметничкото дело.**

**За проектот “Бротче од тврдо писмо” на скулпторот Станко Павлески**

На една изложба (април 2002), гледам една окераста книга поставена на поличка од плексиглас (како да треба да гледам низ неа за да дојдам до содржината), а на ѕидот до неа проектирано е името на авторот исклесано во камен. Возбудливи релации: името онака поставено, како авторот да го става на преиспитување своето дело и суштините кои стојат зад него, а пак од другастрана изработено во материјал со кој неможеш да манипулираш! Во самата книга полна со прашања до “Посредувачот” еден дел ми одзема внимание: Да не се биде без работа е основна животна филозофија – дајте да правиме уметност. Што со тоа? Дали се гушат авторите со задавање на туѓи задачи искажани од Посредувачите: наслови, начини на работа, материјали, и други иницијалности од секаков вид, за по сето тоа да му се даде на уметникот одврзани раце за неговите идеи?!

Книгата “Ненапишана книга до посредувачот” ме исправа пред нов прашалник - има ли такво нешто што не е напишано а всушност можеш да го прочиташ? Но всушност кој е “Посредувачот”? Барајќи го одговорот морав да ја разгледам книгата. Онака однадвор едноставна но со малку чудна содржина: прашања и констатации до Посредувачите – Ликовните критичари и теоретичарите и нивните окружувања. Така тие стануваат предмет на авторовиот креативен интерес, бидејќи станува очигледно дека се е рамноправно во неговото поле на дразби и проективен поглед. Дали “некој” овде сака да ги “научи” луѓето како да си ја вршат својата работа или уметникот сака да постави “граници” на простирање на уметноста наспроти “коментарите” испишани од страна на ... сите оние кои попат се и условени и засегнати од насоките на самото тоа простирање на уметноста. Со насловот на проектот “Широко отворени очи” увидувам дека давање објектност на една книшковна форма неможе да ја постигне посредувачот и ... повторно се враќаме на границите и растегливоста на рамките што ги тестира авторот.

---

* Авторот ми наговести дека мојот текст сосема е извесно да стане и негов Проект (покрај текст за каталог) со кој (веројатно оправдано?!) всушност проблематизира и иронозира воспоставувајќи релации (дали ирационални?!) помеѓу: Јас Александра Крајиновиќ - дипломиран професор по предучилишно воспитание и оној Некој - историчар на уметноста, вообичаено потписник на ваков текст.

* Јас ја сакам уметноста, но повеќе ги сакам децата. Само накратко го отсликувам она што можев да го видам, насетам и доживеам. Првпат пишувам со цел да опфатам и „протолкувам“ нешто така сериозно: гранично и лизгаво во својата ликовно уметничка структура, а над тоа, моиве писанија прекршени низ проекциите на авторот со самото тоа да би станале уметност?! Без оглед на моите компетенции, ова ми се допаѓа!



На друга изложба (ноември 2004), јас веќе запознаена со претходната работа на уметникот; кога дојдов во допир со делото прв впечаток ми беше: Што бараат оние дебели книги над постаментот? Зошто скулптор би напишал книга? Белки за да има 2 кг. предмет и суштина во рацете, но и во делото. Која е категоријата за која има толку да се пишува? На еден портокалов постамент поставени три книги а преку нив стакло, а над секоја книга поставена иста таква. Добиваме уметничко дело од книгата со нејзино вградување во скулптурално тело на делото. Нејзината достапност за разгледување повторно не враќа во нејзината книшковна суштина. Авторот си поигрува со овие две димензии на книгата. Секако си поигрува и сонас, всушност со нашата желба да допреме до оската на делото, а таа всушност има повеќе оски; Во што е овде работата? Да читам одозгора, да претпоставувам што пишува одоздола? Можните одговори можев да ги насетам од самиот наслов “Книга над кориците – Моја антологија, македонска уметност и критика 1954-2004”. Изборот го направил самиот уметник – авторот имал макотрпна работа таа количина на живот и труд да ги собере во една книга која дава приказ но и насоки дека кај секој уметник (100-тина избрани) постојат и повеќе нешта кои не ги гледаме или читаме.

На трета изложба (декември 2005) спакувано во еден здиплен облик како некој да сакал од хартија да направи обвивка за ЦД се најде каталогот на уметникот Спасе Перовски, а во него завршетокот на ова патешествие од три проекти “Проект Пегдовор – како да напишам добра критика како што пишуваат ликовните критичари” спакувано во една книшковна форма која претставува целина сама за себе. Предлогот за оваа критика авторот го искористил за “целосно превземање” на улогата на “Посредувач” бидејќи во збунетост од нивните пера почнал да ги доживува како импресија или поезија. Од гледна точка на автор и уметник го “коментира” делото на Спасе кое е предизвик за неговите “критичарски” иронии. Иронијата е очигледна во “желбата” на авторот да пишува како критичарите бидејќи во претходните два проекта ни демонстрира незадоволство од вкупната историчарска и критичарска пракса. Тој всушност пишува така како што чувствува дека би сакале да бидат толкувани уметниците: малку опис, малку поводи, малку историски контекст, малку другости над делото. Имам впечаток дека така пристапуваат и самите критичари, па каде е тука проблемот? А ха, се сетив: мрзеливи се и летаргични за да имаат перманентен толкувачки интерес и перманентен тесен контакт со субјектот и предметот на нивно толкување.

Во “Бродче од тврдо писмо” авторот ќе ја изложи и полемиката објавена во списанието Арт Република бр. 6 и 7 од 2006 г. , помеѓу историчарката на уметноста Ана Франговска и уметниците Станко Павлески и Томе Аџиевски (неговиот самостоен дел од одговорот нема да биде изложен ), автори на проектот “ Трилогија Провинција 1 - 2 - 3 “. Полемиката завршува со одговорот на авторите ( каква е тоа полемика ? ). Повиканата во “играта “ не ја користи шансата да се одрази, а јас секако тоа нема да го направам. Добивајќи на уметничкост страниците од списанието одново стануваат актуелни, па повелете, доколку имате ( очекувано да имате ) потреба од јавност на вашето стручно мислење, бидејќи вие не сум јас .

Денес 2007, овие проекти од 2002, 2004, 2005,2006 (но и неколку други од 2002, 2003, 2005 и 2006, што не влегоа во „Бротче од тврдо писмо“), дефинитивно и овој мој текст за нив, го заокружуваат тој тврд текст од кој авторот го обликува тоа свое имагинарно бротче со кое како да надпловува и надживува.

# SR PAVLESKI & STEPANOV
2005






## SR Pavleski & Stepanov

2005, Нови Сад (Србија),
Прва интернационална изложба
на уметнички знамиња,
2008, Мала галерија, Скопје,
самостојна изложба
Јавност на Полубратска б. б.
знаме, 340x170см

Фотографија: Гоце Наневски

# проекцијабалкон

Четирипартитен проект, заедно со Томе Аџиевски и Јован Шумковски (три индивидуални проекти во заеднички конципирана проектност), реализирани во Париз, 2006; Њујорк, 2007 и 2008 и Александрија, 2009. Збирниот проект е реализиран 2009. во галеријата на Македонската академија на науките и уметностите  во Скопје.

2006 - 2009



# Проекција Балкон
# Париз 2006 - Александар

Париз 2006 (Галерија на Cité des Arts)

## ТЕАТАР САРА БЕРНАР - 25 ОКТОМВРИ 1903

### Омаж на Жан Жорес – Модифицирано ® Про Курдистан и Баскија

### Мемориски точки и дигресии - Од албумот на Стојко Македон Беломорски

---

Натпис на ѕид, масичка и столчиња, папка А3 со фотографии и документација

---

ОМАЖ НА ЖАН ЖОРЕС... е дело кое егзистира во својата херметичност.

На галерискиот ѕид стои реченицата: TEATRE SARAH BERNHARDT - 25 OCTOBRE 1903, а упатува на настан во Париз што, да потсетам, се случува нецели три месеци по Илинденското востание и Крушевската Република. Исправен пред напишаното, набљудувачот стекнува впечаток дека зад посоченото се крие некаков важен настан и тоа станува повод да се разоткрива делото. На тој датум се одржува  митингот во Париз за поддршка на Македонија, на кој, покрај Жорес, учествуваат и повеќе други видни имиња, меѓу кои и Ромен Ролан, Виктор Берар и Алберт Ајнштајн. Се соживеав со раритетноста на фактот и попатното чувство дека светот денес како да станал помалку чувствителен, па сé некако почна незапирливо да ми се одмотува и да се обликува во материјал за делото.

Љубопитноста и проективноста на гледачот, прашалниците и загатките што притоа произлегуваат и возбудата во откривањето се алатките за влез во времепловот од настани, слики и значења поврзани со Франција и Македонското прашање. Вообразувањето на суштините и изнаоѓањето на патеките кон откривањето на делото, всушност è самото дело.
Прилог кон подотворање на вратичката до делото: Социјалистот Жан Жорес, како претседател на Комунистичката партија на Франција во 1900 година ќе го формира Движењето про - Ерменија и Македонија и силно се заложува за покренување на мироЉубивиот свет во заштита на овие два обесправени народи, под перманентен геноцид. Во слава на Жорес и во контекст на неговата доблесна активност (за нас Македонците од исклучителна важност), преку регистрирање и дооткривање на историските проблеми на мојот народ потсетувам на повеќето слични во нашата современост и апелирам (во духот на Жорес) за потребата од формирање на две нови држави: Курдистан и Баскија. Уметноста досега не го направи светот подобар, но вакви провокации произлезени од мојот експериментален дух, а разумни за моето уметничкото срце секако можам да си дозволам.
Во другото парче од Омажот... [папка, А3, со фотографии, документи и дизајнирани страници (своевиден регистар на повеќеслојното Француско присуство во Македонија), како и извадоци од француски престижни книжевни дела, авторски парчиња, креативни интервенции врз фотографски, текстуален материјал и сл.] е контрапункт или потврда за црно-белата слика на Францускиот однос кон македонското прашање, воочлива во МЕМОРИСКИТЕ ТОЧКИ И ДИГРЕСИИ-ОД АЛБУМОТ НА СТОЈКО МАКЕДОН БЕЛОМОРСКИ, кој „патува“ низ блиското ни време: регистрира, афирмира, пермутира, перевертира, дигресира, проектира, иронизира и верува дека



Македонија сè уште има море.
Во продолжена смисла, во однос на носечката оска на делото, материјалот во папката ги допира и аспектите на оптовареноста на француското современо општество со рецидивите на колонијализмот и проблемите со доселениците, всушност, различностите доведени во поле на крајна меѓусебна нетрпеливост. Суштини, во таа смисла, извлеков и од осумте романи почестени со престижната Гонкурова награда, објавени во последните 25 години и во истиот период преведени на македонски, всушност, годините поминати од моето прво престојување во Париз во 1981 година (едно од времињата-релации во проектот), времето на моите студии и време на мои силни спомени, доживувања и практикување уметност.

Станко Павлески
11.10.2006











Фотографија: 1 и 2, уметникот, 3, Јован Шумковски, 4, Томе Аџиевски



















Фотографија:1 и 2, Славчо Спировски, 3 и 6, Томе Аџиевски, 5, уметникот

























Фотографија:2 и 6, Томе Аџиевски, 4, Весна Дунимагловска, 8, Жане Шумковска

# АНДРЕЈ МАКИН
## ФРАНЦУСКИ ТЕСТАМЕНТ

Алекс Бонд кога дојде да се видиме, извика подбивно: "Ама ајде, бре луѓе, ова овде веќе не е во Франција, ами во Африка!" И започна едно долго излагање кое со својата содржина ми насмена на зборовите на мнозина "нови Руси". Се имаше тука собрано назадувањето на Запад и сосема блискиот крај на бела Европа, освојувањата на новите дивјаци ("Вклучувајќи не тука и нас Словените", додаде за да биде справедлив), некој нов Мухамед "што ќе ги опожари сите нивни бели градови" и некој нов Џингис хан "што ќе им стави крај на сите нивни демократски саламеликум". Добивајќи вдахновение од постојаната врвулица на обоени луѓе пред кафеанчето на отворено каде што седевме, тој зборуваше мешајќи апокалиптични верувања и надежи во една обновена Европа со младата крв на дивјаците, наведувањето на општа меѓуетничка војна и надежта во едно светско расно вкрстување...

Стап од Абонос

# Bibliothèque nationale de France

**Historique de la question:**

**Utilisateur:** I would like to know if you have any information about how many and which ones of the Macedonian writers have been translated and published into French language?

**Bibliothécaire 1**: It is impossible to give an exact answer to your question but in the UNESCO' database "Index translationum" it's possible to find 26 titles <http://databases.unesco.org/xtrans/xtra-form.html>
I give you the list if you have difficulties to go to the database

**1/26** Pavlovski, Božin: Western Australia [Fra] / Maria Bezanovska / Paris: Éditeurs français réunis, 1979. 312 p. MKD: Vest Aust
**2/26** Šopov, Aco: En chasse de ma voix [Fra] / Djurdja Sinko-Depierris; Jean-Louis Depierris / Paris: Saint-Germain-des-Prés, 1978. 60 p. MKD
**3/26** Urošević, Vlada: Fous dans l'observatoire [Fra] / Jeanne Angelovska / Paris: Saint-Germain-des-Prés, 1978. 79 p. MKD
**4/26** Čingo, Živko: La Grande eau [Fra] / Maria Bežanovska / Paris: Centre de diffusion de l'édition, 1980. 168 p. MKD: Golemata voda
**5/26** Čingo, Živko: La grande eau [Fra] / Maria Bežanovska / Lausanne: L'Âge d'homme, 1980. 168 p. MKD: Golemata voda
**6/26** Micković, Slobodan: L'interprétation de la poésie aujourd'hui [Fra] (Bilingual ed.) Struga: Struški večeri na pezijata, 1983. 75, 75 p. MKD: Tolkuvanjetu na poezijata denes
**7/26** Spasov, Aleksandar: Kočo Racin [Fra] / Liljana Mašulovič Marsol / Paris: UNESCO, 1986. 75 p. MKD, HBS
**8/26** Plevneš, Jordan: La peau des autres: pièce-rêve avec fusillade à la dix-huitième lettre de l'alphabet, le tout en quinze scènes [Fra] / Anne-Brigitte Kern / Paris: Anthropos, 1993. 91 p. MKD
**9/26** Georgievski, Taško: Le cheval rouge [Fra] / Maria Bežanovska / Lausanne: L'Age d'homme, 1989. 125 p. MKD: Crveniot konj
**10/26** Šopov, Aco: Anthologie personnelle 1950-1980: poésie [Fra] / Jasmina Šopova / Arles: Actes sud, 1994. 143 p. MKD
**11/26** Rendžov, Mihail: Poetry. Poésie. Poėzija [Eng, Fra, Rus] / Irena Perčinkova; et al. / Skopje: Goce Delčev; Struga: Struški večeri na poezijata, 1995. 176 p. MKD: Pesni
**12/26** Starova, Luan: Le temps des chèvres [Fra] / Clément d' Içartéguy / Paris: Fayard, 1997. 273 p. MKD
**13/26** Nanevski, Duško: Le garçon à l'étoile [Fra] / Jeanne Angelovski / Skopje: Sigmapres, 1998. 85 p. MKD: Momčeto na dzvezda
**14/26** Manojlov, Pande: Voler en rêve au dessus de la tour Eifel [Fra] (Bilingual ed.) / Kaliopa Krivašija-Stilinoviḱ; Anne Malaplate / Bitola: Društvo za nauka i umetnost, 1998. 59 p. MKD: Let vo sonot nad Ajfelovata kula
**15/26** Georgievski, Taško: La graine noire [Fra] / Maria Bežanovska / Paris: l'Esprit des péninsules, 1997. 119 p. couv. ill. en coul. MKD: Črno semie
**16/26** Ḱulavkova, Katica: Via Lasciva [Fra] (Texte macédonien précédé de la trad. française) / Harita Wybrands / Saint-Nazaire: MEET, 1998. 87 p. portr. MKD
**17/26** Andreevski, Petre M.: Les derniers paysans [Fra] / Petar Andonovski / Skopje: Zumpres, 1999. 294 p. MKD: Poslednite selani
**18/26** Starova, Luan: Poèmes de Carthage [Fra] / Harita Wybrands / Trois-Rivières, Québec: Écrits des Forges, 2002. 59 p. MKD
**19/26** Popovski, Ante: L'innommé : suivi de Abel et Caïn [Fra] / Jasmina Šopova / Paris: l'Esprit des péninsules, 2000. 130 p., couv. ill. en coul. MKD
**20/26** Čačanski, Krste: L'ombre de la chauve-souris [Fra] / Isabelle Matoska / Paris: l'Harmattan, 2003. 190 p., couv. ill. en coul. MKD
**21/26** Pavlovski, Radovan; (Laugier, Jean): Le fils du soleil. Le cavalier du son : poèmes [Fra] / Ankika Josifovska-Angelkovska; Peter Andonovski / Paris: l'Esprit des péninsules, 2003. 157 p., couv. ill. en coul. MKD
**22/26** Anthologie de la prose yougoslave contemporaine [Fra] / Zoritsa Hadji-Vido‹kovitch; Vera Naumov / Paris: Seghers, 1959. 285 p. HBS, SLV, MKD
**23/26** Mickovič, Slobodan: Alexandre et la mort : roman [Fra] / Jeanne Delcroix-Angelovska / Paris: l'Harmattan, 2003. 315 p., couv. ill. MKD: Aleksandar i smrtta
**24/26** Dukovski, Dejan: Quel est l'enfoiré qui a commencé le premier ? ou Comment se hâter lentement : paranoïa [Fra] / Harita Wybrands / Paris: l'Espace d'un instant, 2004. 77 p., couv. ill. en coul. MKD: Mamu mu ebam koj prv počna
**25/26** Starova, Luan: Le rivage de l'exil [Fra] / Clément d' Içartéguy / La Tour-d'Aigues: Éditions de l'Aube, 2003. 283 p., couv. ill. en coul. MKD: Balkanski kluc. MKD: Presadena zemja
**26/26** Čačanski, Krste: Le rêve de Dieu [Fra] / Cvetanka Conkinska / Paris: l'Harmattan, 2004. 197 p., couv. ill. en coul. MKD: Bozjiot son

I think the best for you is to see our catalog <http://catalogue.bnf.fr/framesWEB.jsp;jsessionid=0000y2uJSrbJZ3ca3uYR70_HnPw:-1?host=catalogue>

**Cordialement,**
**Pour le SINDBAD,**
**Bernard Krespine,**
**Département Littérature et art,**
**Bibliothèque nationale de France.**

Pour vérifier le statut ou l'historique de vos questions, allez à:
http://questionpoint.org/crs/servlet/org.oclc.ask.PatronDirect?&language=2&email=pavleskis@gmail.com&qid=1680787

Prenez un instant pour remplir un sondage:
http://questionpoint.org/crs/servlet/org.oclc.ask.PatronSurveyForm?&language=2&type=ask&qid=1680787

# Проекција Балкон Њујорк 2007 - Автомобилски прозорец 1

MC Gallery, Њујорк, 2007

## ТЕАТАР ТОМАС ХАРЛАН – 10 СЕПТЕМВРИ 1901

### Ворхол Кули Календар

---

Три исти столни календари А5 со 70 дизајнирани страници на постаменти, 120x40x40см

---

Во проектите од Проекција Балкон артикулирам прашања-релации, по повеќе разновидни линии, помеѓу Македонија и соодветната земја каде изложувавме. Работејќи на проектот Театар Томас Харлан... ме интересираа прашањата поврзани со првите позначајни контакти на Американците со нашиве простори и следствено природата на нивниот пројавен интерес, а соодветно и нашето присуство на американскиот континент. Истражувајќи по материјалите ги дополнував моите сознанија од таа сфера, но и ја обликував сликата за проектот, што попатно почна да се оформува во вид на календар.
Мноштвото историски податоци толку ја оптоварија мојата моќ за акумулирање „факти” што во еден момент помислив дека вистински е дојден крајот на историјата и дека Македонија секако е една од причините на таквиот крај. Од тој момент сé некако ми стана песна, и така, неоптоварен со потрагата по големите вистини, на сцена стапија покрај фактите и: полувистините, конструкциите, инсинуациите, памфлетното, ирониите, циничното, фарсичното, фантазијата...
Тогаш дефинитивно го имав проектот во рацете, а за поткрепа го имав и мојот новостекнат „виртуелен” пријател Томас Харлан (современ американски писател на научна фантастика), креаторот на стратегиската интернет игра Господари на Земјата (Lords of the Earth) од 1983. Учесниците во играта, Господари во кампањите, предлагаат нови држави, кралства, империи... Така пловејќи низ времињата минати и идни тие „регистрираат” дека во 1663-тата Крстоносците на Блискиот Исток формирале држава со име Свето Кралство Македонија, или дека во XVII век во Европа постоела држава со име Македонија, што се простирала на целото подрачје на денешна етничка Македонија и делови од Тракија, Тесалија и крајбрежјето на Мала Азија. Освен претходното, во кампањите доминантно е и присуството на името и делото на Александар III Македонски, за кого се врзуваат мноштво разновидни информации и историски предлози за неговите цивилизациски достигања значајни за развојот на човештвото.
Господарите креираат подобар свет во минатото за да се влијае на иднината, што се совпадна со моите намери и беше потврда и поткрепа, низ 70-те страници од Календарот нашироко-надлабоко-нависоко да си ја разложам мојата фактичко-фиктивна приказна ...
Моите проектни намери и решенијата, патем почнаа да заликуваат на некакви кули од карти, а ми беше важно да направам и паралела со Ворхол, една од најголемите американски културолошки икони, особено поради моите фикции и конструкции во Календарот и ним можните релации со конструкциите на американизмот.
Во сите четири мои проекта од циклусот Проекција Балкон, при обликувањето на делото ми беше особено

важно да вградам некаков предмет во кој ќе можам да ја заробам целата содржина, бидејќи истражувачките проекти со мноштво разновидни податоци и сликовност, што од нив произлегуваа, бараа некаква рамка-корици во кои слободно можеше да се смести сè: и факти-и фикции-и креативни вообразби-и зборови, ...просто сè.
Таквиот предмет требаше да има и лик и функција на локација, локација за нештата што требаше да бидат згрижени, а да делува убедливо во целината на делото. Разоткривањето на суштините на она што требаше да биде заробено во обвивката на таквиот предмет нужно вклучуваше и интеракција со публиката.
Така обмислени, во проектите се најдоа и егзистираат различни предметни суштини: во Театар Сара Бернар исписот на ѕидот станува предметност, што просто се доживува како фирма, а тука е и папката со сèнешта на масичката и секако столчето-определувач на нужно присуство; во Театар Томас Харлан таа улога ја има Календарот, во кои е депониран времепловот; во Театар Маркус Гарвеј & Ман Реј реконструираните фотографии стануваат своевидни предмети во кои се заробува мојата слика за времето, просторот, лицата и предметите во нив; и во последниот проект, Јас Птоломеј МКД... книгата ја има улогата на лик на делото, форма-предмет згрижувач на значењата во кориците.
И на крајот, едно сосема лично чувство за Театар Томас Харлан...: ме радува впечатокот дека делото заликува на своевидна лична кампања на Господар во духот на Проекција Балкон.

Станко Павлески,
04.07.2007 и дополнето 02.08.2009












Фотографија: 1 и 2, Јован Шумковски, графички подготовки: Славчо Спировски

































Графички подготовки: Славчо Спировски

# Проекција Балкон Њујорк 2008 - Автомобилски прозорец 2

## ТЕАТАР МАРКУС ГАРВЕЈ & МАН РЕЈ 1913, ПРЕТСТАВУВА:

### Њујорк via Дар ес Салам: Црно – Бели транс перверзии

Гостуваат:
**Театар Хехе 1813**, претставува: Европјаните - „Ние Африканците одиме дури и на глава, но Европјаните - не мислат ниту со срцето“;
**Театар Томо Нијиренда Мваена Лесо 1925**, претставува: Американците - „Ќе дојдат Американците и ќе ги протераат белите луѓе, тогаш белите жени ќе им служат на црните жени“;
**Историски Театар 2013**, претставува: Македонците - „Крај на Историјата - Крај на категоријалното - Уметноста е само декор.“

Десет фотографии (поединечни димензии 60x80см), високо квалитетен печат на хартија, каширани на форекс од 5мм, 80x713см, фотографија: Роберт Јанкулоски; Шминка: Горан; Модели: Наталија, Андријана, Давид и авторот

Летото 2007. истражувајќи теми за третиот дел од Проекција Балкон што требаше да се реализира во Дар ес Салам-Танзанија (редоследно на однапред предвидените дестинации за трипартитниот проект: Париз 2006, Њујорк 2007 и Дар ес Салам 2008), зедов сериозно да се занимавам со Африка, концентрирајќи се на источниот брег. Од ред причини Дар ес Салам не се случи, но затоа пак од ред околности 2008-та се случи Њујорк по втор пат. Оттаму поаѓа и најавата во насловот што посочува на поврзаноста на Театар Маркус Гарвеј... со планираното следно дело за Дар ес Салам, иако во 2009. Дар ес Салам повторно ја немаше судбината да стане реалност, отстапувајќи и место на славната Александрија.
Тоа што подолго време (пред да ја направиме замената со Њујорк) истражував африкански теми се покажа за предност, бидејќи од мноштвото информации до кои доаѓав произлегоа и релациите со некоја моја вистина за Америка (чудно но вистинито), понудена низ 10 фотографии во проектот: зачетоците на борбата против апартхејдот, во ликот и делото на Маркус Гарвеј (лидер во борбата за правата на афро-американците, кој себе милувал да се нарекува и претседател на Африка и силно влијаел на поткревањето на свеста за африканизмот и револуционерните движења во Африка од педесеттите и шеесетите години на минатиот век); поигрувањето со длабоките суштини на традиционална Африка, видено во двете фотографии на Ман Реј, именувани Кики со африканска маска 1 и 2; моите пренасочувања на пораките од Кики со африканска маска низ замена на црно-белите елементи во кадарот; перверзијата (мое лично доживување) на посвојување на деца од Африка, во ликот на Анџелина Џоли и обидот за сумирање на темата низ крајната Црна фотографија, всушност заведувањето преку насловот на проектот напишан врз неа со бели букви и најавените лажни гостувања во мојот и така имагинарен Театар Маркус Гарвеј..., всушност, вистинските настани што би можеле да повлијаат кон градењето на друга, историски можна, поубава слика на Африка.

Работејќи на африканските теми кои од познати историски причини се и Европски и Американски, цивилизациски наши, отаму и мои, јас вистински се запрашав како би изгледала Африка да не ѝ се случеше Европа... Соживував со секоја неправда направена над Африканецот од страна на белиот човек, и така, сосема треперливо се излачуваше есенцијата на проектот.
Посакав да бидам Црнец, но не било кој, туку самиот моќен Маркус Гарвеј, да бидам дури и африканската маска, што во рацете на Кики заведува со други изместени пораки, посакав да ја имам мудроста на црниот поглавица за да можам сѐ да изговорам кратко, посакав како нив да ги почитувам предците и оние што пред мене ја настанувале мојата земја, посакав да сум утробата и рацете на африканската жена... а на патот на моите доживувања повторно го имав крај себе мојот пријател од студентските денови, извонредниот Басил Давидсон, преку неговиот наслов The Africans од 1969, во моите раце низ хрватскиот превод Genij Afrike (Стварност, Загреб, 1977). Нешто подобро и со толку љубов напишано за Африка не може ни да се посака.

Станко Павлески,
08.08.2008 и дополнето 02.08.2009





Фотографија: Јован Шумковски













……………………………………..
Фотографија: Роберт Јанкулоски














## Маркус Гарвеј & Ман Реј во Мала Станица

2008, документарно видео од фото и видео сесијата во студиото на Роберт Јанкулоски, 50 мин. камера: Сашо Саракинчев, монтажа: Јован Наумоски. Видеото за првпат ќе биде претставено на изложбата во Музејот на современата уметност - Скопје, мај 2012.

Фотографии од видео

# Проекција Балкон Александрија 2009 - Скарабеј

Галерија на Језуитскиот културен центар

## ТЕАТАР ЈАС ПТОЛОМЕЈ & Н.В. НИШТОТО

Книга-art book (345 стр. А5 формат) - мултиоригинал во тираж од десет примерока со истоимен наслов, поставена на постамент (врз благодарницата од Александриската библиотека во рамка и стакло со димензии на горна површина на постаментот)
Книга-art book, отпечатена на А4, разложена на ѕид (5 реда од 70 страници, со вкупни димензии 1,55x15,75м.)



Фотографија: уметникот



Во кориците е собрана неколкумесечната електронска кореспонденција со Билјана Кљајиќ, моја поранешна студентка, која сега живее во Нови Сад (Војводина-Србија). По нејзиното првично обраќање од 13.08.2008, меѓу нас се разви прекрасна преписка и разговори што интензивно се одвиваа се до 28.12.2008, а повремено траат до денес.
Во преписката отсликавме парчиња од нашите животи во последниве десет години, допирајќи покрај уметнички и занимливи теми од сферите на образованието, културата, религијата, науката, општеството, семејството, професијата, машкото и женското писмо и сл. и сето тоа заличе на сосема убедлив материјал во кој самиот живот доби возбудлива уметничка димензија. Од нашата преписка произлегоа околу 250 страници текст и над стотина страници фотографии и текстуални прилози што ги разменувавме, пишувајќи за своите дела, уметничките иницијации, идеите и за други нешта од нашето живеење и искуствата. Можноста Проекција Балкон 3 да биде изложен во Александриската Библиотека (за жал договорањето беше неуспешно), наследничката на онаа древната и славна, основана од Птоломеј I Сотер, првиот од македонската династија фараони на тронот на Египет, ме потикна мојот проект да биде во слава на книгата, на што потајно помислував, откако преписката со Билјана добиваше сериозна полнота. Таквата можност ја доживував како своевидно враќање на Птоломеј дома, та оттаму и произлегува првиот дел од насловот, а другиот дел - Неговото Величество Ништото е само метафора за непостоечкото Ништо, всушност, димензијата што ја завземаше нашето допишување со Билјана. Проектот го изложивме во Галеријата на Језуитскиот Културен Центар во Александрија, а намерата книгата да заврши во Александриската Библиотека, сепак се случи, како официјален подарок на примерок од македонското и од англиското издание.

Станко Павлески,
24.07.2009

## Real Net Story

Најновиот проект на Станко Павлески е конструиран од спонтаниот процес на реалната деинтимизација низ интернет кореспонденцијата со една негова некогашна студентка и сегашна уметничка. Иако е непlanguageпланск и зачнат по електронски пат, овој проект е доказ на можноста за создавање во двајца низ неколкумесечно контактирање преку skype, chat или e-mail алатките. Суровата девственост на таквото мисловно-чувствено-сетилно разголување низ искреноста и вистинитоста во релационата размена на гледиштата, сништата и фантазиите, упатува на нова граѓа за создавање дело кое од своја страна бара и нова терминолошка одредница. Каква и која ќе биде дефиницијата и не е толку суштествено, колку што е значајно сознанието за напуштањето на старата матрица на проективната уметност и нејзина замена со неинтервенираната вистина: односно супституција на уметничката со вистинската стварност. Ова е од особена релевантност познавајќи ја генезата на уметниковото творештво која почнува со металната моќност на линеарната или компактната форма, продолжува со текстуалните записи врз металните подлоги односно со летризмот и концептуализмот врз хартија и во овој проект кулминира во виртуелната дијалошка естетика на интернетот.

Соња Абаџиева
историчар на уметност и ликовен критичар

## Мојата омилена тема

Најнапред, учителот го препознава својот вистински ученик. Потоа, подуката завршува, ученикот заминува и врската е прекината. Конечно, со текот на времето, ученикот станува учител и се обидува да се присети на она што пропуштил да го чуе и научи - мудроста на сопствениот учител. Така, врската е обновена.
Ова е, накусо, устројството во коешто е предадена најновата приказна на Станко Павлески. Станува збор за една современа епистоларна форма, за преписка на одложениот настан во којашто случките се наредени на нишката без вистински почеток и крај. Содржините на ова допишување се од разновидна природа: размената на себепосветените монолози блика со цинична рамнодушност - што е само друго име за мудроста на занаетот и на животното искуство; оние, пак, не толку чести, вистински дијалози на вистински соговорници, ги чинат јадрата на едно знаење за дисциплината и за светот. Се разбира, во текстот на Павлески, сето тоа е употребено како неопходна дидактичка поткрепа на темите што се понудени за обработка.
Всушност, предмет на допишувањето е политиката на знаењето за уметноста, односно, разгледувањето на просторот и одредувањето на границите на уметничкото дело. Следствено, приказната ниту може, ниту треба да се доврши. Ученикот не го знае тоа ... се додека и самиот не стане учител.

Бојан Иванов
историчар на уметност и ликовен критичар







Фотографија: уметникот








Фотографија: 1 и 3, Јован Шумковски, 2, уметникот



авторски
низ појавното

2004 - 2011



# Авторски низ појавното 1

29.07-07.08.2004, Планина Кадиица
(Ораов Дол), Велешко,
11.09.2004, Велес, изложба во Спомен куќата
на Васил Главинов.

## УМЕТНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ПЛАНИНА

### СЕКОЈ ДЕН ПАРЧЕ УМЕТНОСТ

Подготвувајќи се за Авторски низ појавното 1 (АНП - Уметничко дејствување на планина), што на идеја и појдовни проектни точки на сликарот Спасе Перовски (тогаш директор на Народен Музеј Велес) го обмисливме и го конципиравме заедно со Д-р Небојша Вилиќ и Томе Аџиевски, одлучив мојот авторски интерес да го димензионирам во можноста секој ден да создадам парче уметност. Проектноста на АНП првенствено ја препознававме и ја определивме со презентативноста на фото, видео и аудио документацијата од случувањето, па идејата за Секој ден парче уметност ја доживеав вистински консеквентна на моето континуирано настојување, во уметноста, да артикулирам спротивни поаѓалишта од актуелните состојби во уметноста и некаквата создавачка филозофија, но ним соодносни, така градејќи посебен создавачки принцип: позициониран наспроти етаблираното; во/вон трендовите и во ним одговорите; во комплексното поради едноставното; во наративното поради чистата ликовност - во сликите поради зборот; во релациите со „неспоивото” ...

Секој ден парче уметност подразбираше директна работа со сензациите на појавното, во најширока

смисла; со посредно доживеаното појавно; со аспектите на взаемноста на директното и посредното појавно; со предконцептност и однапред подготвена елементарност за дело, кога се претпоставува контемплација во мигот на појавностите; со бремето на сопствениот моментален ангажман, мене најпојавно и од самото појавно; со релациите на моментот и мојата инволвираност во состојби на професионален и општествен план; со значењата на времето, просторот, деновите, датумите, мојата земја, мојот народ, културата, духовноста и голиот живот,.. со секаквоста помеѓу две изгревања на светлината. Се покажа дека Секој ден парче уметност беше среќно избран повод за уметност, та тој концепт го следев и во наредните две случувања на АНП (2005 и 2008), пред да го видоизменам на АНП 4 (2010), кога на колегите им подарив книшка Пишувана уметност (три воведни раскази) и најавив дека година дена, секој ден ќе ја пишувам уметноста, како што и настана книгата Пишувана уметност, во многу нешта потсетувајќи на пристапот во Секој ден парче уметност 1-2-3.

Станко Павлески
27.10.2011








## СЕКОЈ ДЕН ПАРЧЕ УМЕТНОСТ 1

Фото-инсталација од делата (повеќе фотографии со различна големина и други поголеми нестандардни формати и фотографии во оригинална димензија на објекти: две маици со текст, маскирни пантолони, цокули, патики, футрола со нож и секирче, касет-метро, CD опаковка со текст, папка со листови и цртежи, моливи-пенкала-маркери..., каширани на форекс 5мм, поставени на ѕид), изложени во слободен распоред околу централно поставено огледало во стилска рамка, 120x80см и објект (постамент и конус од пепел во стаклена кутија), 155x60x60см, во простор, пред огледалото.



Фотографија: 1-4, уметникот, 5, Небојша Вилиќ

## ЧЕТВРТОК, 29.07.2004

### ВЕ НАГРБИВ СЛАТКИ МАКИ, МОЈА АНТОЛОГИЈА..., СТАНУВА И ВАША (...), дарување маици со текст


















Фотографија: 1, 5, 6, Небојша Вилиќ, 2-4 и 7, 8, Виолета Терзиева



## ПЕТОК, 30.07.2004

### СЕКОЈА ПЛАНИНА СИ Е ПЛАНИНА, СЕГА И ОВАА ПЛАНИНА ЌЕ Е МОЈА ПЛАНИНА (предпроект) и перформанс ЗАКОПУВАЊЕ ЦИВИЛИЗАЦИСКИ ЗНАК ОРАОВДОЛ 2004















Фотографија: Спасе Перовски


СТАНКО ПАВЛЕСКИ

21·III·2004 Проекти – предпроекти (24)

за уметничката акција – уметничкото возирање, во Оревоздол – Велешко 29.07 – 07.08 2004

(1) Уметност создадена со материјали и средства што можат да се најдат во природата – вода, земја, воздух, оган.

Можни материјали: земја, камен, трева, листови, потпрашина, гранчиња, дрво, мов, кора, вода, суви растенија, оган, пепел, нус материјали од нашиот престој, отпадоци (донесено)

Постапки: (1) Преминување на материјалот од една во друга енергетска форма преку оган (согорување, пепел, нагорување, загадување)

(3) Да си направам кревет од дрво и прачки, папрат и сл.

(4) Елементите од природата да се третираат со сечење, врзување, со сушење (плодови и др.) ...

(6) Секој ден по парче уметност

(7) обработка камен со камен













Фотографија: 1, Небојша Вилиќ, 2-6, Виолета Терзиева

## САБОТА, 31.07.2004

**ОДГОВОРНО ЗА МАКЕДОНИЈА,**
**фото инсталација и телеграма испратена до Општина Велес, градоначалникот на Општина Велес, г-дин Аце Коцевски и академскиот скулптор Петар Хаџибошков, на денот на откривање на споменикот на Панко Брашнаров.**






Фотографија: 1, Виолета Терзиева, 2, Спасе Перовски



29/10 15.56
51321 z skp
51321 b skp
49/21
skopje/faks/veles 70 29 1451

TELEGRAM 281601
Skopje TT

sovet na opstina veles
g-din ace kocevski
gradonalcanik na opstina veles

profesor petar hagji boskov
da zivee aleksandar makedonski da zivee samuil da zivee
krsevskata republika, da zivee vmro (ob) da zivee asnom, da zivee
panko brasnarov da ziveat umetnicite i vie da ste mi zivi i zdravi.
da zivee makedonija stanko pavleski 31.07.2004 god
stanko ~~xxx~~ pavleski

col 31.07.2004

## НЕДЕЛА, 01.08.2004

**ШЕСТ ДЕНА РАБОТИ...**

## ПОНЕДЕЛНИК, 02.08.2004

**ВО СЛАВА НА ИЛИНДЕН, текст од самолеплива фолија на огледало во стилска рамка, 120x80см.**



## ВТОРНИК,
## СРЕДА,
## ЧЕТВРТОК,
## ПЕТОК,
## 03 - 06.08.2004

**НИЕДЕН ДЕН БЕЗ ЛИНИЈА - ЧЕТИРИ ДЕНА**

**СЕ ВПИШУВАВ ПО МОЈАТА ЗЕМЈА,**
**100 метра просторна линија.**



Фотографија: 1, Виолета Терзиева, 2, Небојша Вилиќ

















Фотографија: 1-5, Небојша Вилиќ,
6, Спасе Перовски,
7-15, Виолета Терзиева

## САБОТА, 07.08.2004

**ДЕСЕТ ДЕНА ДОМУВАЊЕ,**
**фото инсталација и објект - постамент и конус од пепел во стаклена кутија, 150х60х60см.**







Фотографија: 1, Виолета Терзиева, 2, Гордана Даутовска Поповска, 3 -18, Вики Терзиева

# Авторски низ појавното 2

10-12.08.2005, викенд престој со дел од учесниците на АНП 1, во манастир св. арх. Михаил, Теово, Велешко. Фотографиите се од самостојната изложба Јавност на полубратска б.б., 28.02 - 30.03.2008, Мала галерија, Скопје.

## УМЕТНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ПЛАНИНА

### СЕКОЈ ДЕН ПАРЧЕ УМЕТНОСТ 2

### УМЕТНИЧКА КОТА 615

2005/2008, знаме и фото-објект (24 А4), од перформансот и престојот, 195х211см



Фотографија: Гоце Наневски





Фотографија: 1, Гоце Наневски, 2-5 и 7-10, Томе Аџиевски, 6, Небојша Вилиќ

# СЕКОЈ ДЕН ПАРЧЕ УМЕТНОСТ 2

## ИНИЦИЈАЛНА ДЕБАТА УК 615

2005/2008, тркалезна маса, 10 столни знаменца и папка со фотографии од престојот, променливи димензии





Фотографија: 1, Гоце Наневски, 2, Јован Шумковски







Фотографија: 1, Томе Аџиевски, 2 и 3, Спасе Перовски, 4 и 5, Небојша Вилиќ

# Авторски низ појавното 3

28.07 - 07.08.2008, планина Кадиица (Ораов Дол), Велешко, изложба во Спомен куќата на Касапови, 12. 09. 2009, Велес, фотографии од изложбата Синестезија, 09.11.2009, Музеј на современата уметност-Скопје

## УМЕТНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ПЛАНИНА

Авторски низ појавното 3 - Уметничко дејствување во природа е континуитет на првиот настан реализиран на истата локација во 2004. и вториот, реализиран во 2005. како викенд престој во манастирот св. арх. Михаил во Теово, Велешко, сите во организација на Народен Музеј Велес.

Обидот да се дефинира и да се именува десетдневно престојување на група уметници на планина нужно нè води кон искуствата на ликовните колонии, но Авторски низ појавното - така именувано по подолги дискусии крај огништето на планината Кадиица - произлегува од идејата да се престојува (домува) во природа, без определена обврска да се создава уметност. Авторски низ појавното е всушност чин на контекстуализација на престојувањето во природа, дружењето, запознавањето, откривањето и размената на мислења меѓу личности од блиски области на дејствување (освен ликовни уметници и историчар на уметноста учествуваа и други автори, како: филолог и писател, теолог и проследувач на религиски прашања и блогер и писател), така што, самото живеење стекнуваше смисла на уметност.

Во групата што ги исцртувавме првичните контури на настанот (Спасе Перовски, сликар и директор на Народен Музеј Велес, како иницијатор; Небојша Вилиќ, историчар на уметноста; Томе Аџиевски, скулптор и јас, скулптор), сметавме за адекватно проектноста на идејата да ја затвориме во самиот предизвик да се дејствува во природата од/со нејзините појавности, надвор од нашиот вообичаен урбан амбиент на живеење и практикување уметност. Се согласивме дека ни е неопходно само да ги документираме случувањата (фото, видео и аудио) во изворна некоригирана форма за да ја задоволиме потребата од регистрирање и историска преносливост на создаденото, какво и да е тоа. Ова не ги исклучуваше и различните форми на материјално создавање според индивидуално видување на авторите.

Идејата и суштините на проектните рамки и од нив произлезените уметнички претпоставки континуирано созреваа и би можело вака да бидат подредени: Манифестацијата е биенална; групата ја сочинуваат до 10 учесници; освен ликовни уметници и историчари на уметноста учествуваат и автори од другите уметности или од другите области од културата што профилирале значаен творечки израз; престој во природа, а сместувањето во шатори; организаторот ја определува локацијата за настанот и ги обезбедува сите услови за престој на учесниците; организаторот не обезбедува материјали за работа; настанот ќе биде документиран низ фото, видео и аудио материјал од случувањата; презентирањето на проектот ќе биде следната година по настанот; учесниците одлучуваат за формата на презентирање на случувањата од настанот и продукцијата; учесниците се поканети навремено да приложат дело за презентирање; организаторот не ја финансира реализацијата на делата; организаторот печати каталог или ЦД и друг пропаганден материјал.

За мене Авторски низ појавното е слободен простор за авторска љубопитност, простор на очекувања и исчекување, простор на размена на творечки енергии, простор на мирување и контемплација, простор за

своевидно летање и вообразби, простор за изразување и реализација на специфични замисли, простор за дишење и впивање на природата, простор за наполно живеење рамно на самата уметност...

Станко Павлески
23. 08. 2009

## СЕКОЈ ДЕН ПАРЧЕ УМЕТНОСТ 3

### СОНЦЕ И МЕСЕЧИНА 1

### КРАЈ МОЈАТА ЛИНИЈА И СОНДАТА



Фотографија: уметникот



## Сонце и Месечина

Секој ден парче уметност 3 - Сонце и Месечина 1 (АНП 3, планина Кадиица, 2008/9 - престој на локација и изложбата) припаѓа на низата дела реализирани во рамките на Авторски низ појавното /АНП - Уметничко дејствување во природа, настанати под знакот на идејата секој ден да создадам парче уметност.
Секој ден (осум дена) поставував по три 80-грамски листа А4, забодени со дрвени стапчиња на тревната падинка над нашиот логор и истото го документирав. Оставајќи ги листовите на атмосферските влијанија на сменувањето на сонцето и месечината, на површината на белината и во нејзината структура се акумулираа состојбите на таквите мени, но и физички нарушувања настанати од инсектите, влекачите, птиците и други животни во планината.
Поставката на делото ја чинат листовите, поставени во три низи во вертикала, закачени на ѕид со шајчиња, и фото објект од 49 фотографии во рамка А4 (7x7).
Идејата се затвора во намерата, без директна цртачка интервенција врз површината на листовите да се постигне видлива трага и некаков структурален запис, одраз на космичка состојба во дадено време и простор, како некакво кодирање на енергетското.
Сонце и Месечина 2А и 2Б настана како продолжение на претходното дело, овој пат на четири локации (во мојот двор и во дворовите на моите студенти: Снежана Алтипармак во Битола, Анета Симоновска во Крива Паланка и Јован Наумоски во Кичево), поставивме во исто време по два листа А4 да останат еден месец изложени на „цртачките” дејствија на атмосферата. Идејата, да ја повторам постапката од Сонце и месечина, лежи во мојата љубопитност и исчекувањата каква ќе е сликата на белината на листовите, изложени на различната лична енергија на личностите вклучени во оформувањето на делото, како и онаа на различните простори и на космичките констелации.

Сонце и Месечина 3А и 3Б е уште едно дело (и последно) произлезено од погорната идеја и настанато во рамките на Работилница за експериментален цртеж – Дојран 2009. Работилницата беше во организација на уметникот Миле Ничевски, а престојот во неговата викендичка во Дојран. Делото е резултат на десетдневната изложеност на 220 грамски хамер Б1 (100x70,7см) во дворот на Ничевски и во дворот на општината Дојран.
Замената на големината и дебелината/грамажата на хартијата (поинаква од претходните искуства во Сонце и Месечина) не определува поинаква идејност, но станува битна поради различниот и „посилен” акумулативен/колектирачки капацитет. Со изборот на материјалот ја тестирав отпорноста... и сакав да ги поттикнам моите „шамански моќи” да предизвикам бурни временски прилики и неприлики во деновите на престојот. Секојдневно ги документирав промените врз листовите, а во останатите денови таа улога му ја доверив на организаторот. По моето заминување се случило чудо. „Цртежот 3Б” мистериозно исчезнал од општинскиот двор во вистинско невреме што го зафатило Дојран. Ова секако ќе е некаков знак во прилог на моето шаманство, та и кон попатните мистериозни настани околу делото, што од мејл и скајп преписката со колегата Ничевски, десетина дена подоцна ги дознав како мистерија за наводното талкање на белината по Дојран и околината (всушност, делото/листот „исчезнал“ во кафеана, откако последниот ден го фотографирал и собрал во ролна).
Одлучив преписката да стане дел од ова дело (со одобрение на Ничевски и на Владимир Лукаш, кој е исто вклучен...), дури и таа да биде самото дело, но не поради исчезнувањето на хамерот-белина и колектираната вистина во него, туку затоа што комуникацијата е едноставно занимлива, а растајнува и дел од процесите во настанувањето на самото дело.

Станко Павлески
18.08.2010



## КРАЈ МОЈАТА ЛИНИЈА И СОНДАТА

**31.07.2008, фото инсталација (39 фотографии, А4, 166x196см) од перформансот на регистрирањето и сондирањето на остатоците на дел од мојот проект реализиран на истата локација, 2004 - СЕКОЈ ДЕН ПАРЧЕ УМЕТНОСТ 1: Ниеден ден без линија - четири дена се впишував по мојата земја и Закопување на цивилизациски знак - Ораовдол 2004**



Фотографија: Денис Сарагиновски










Фотографија: Слободанка Стевческа

## СОНЦЕ И МЕСЕЧИНА 1

**30.07 - 07.08.2008, фото инсталација**
**(49 фотографии, А4, 159x229см)**
**од перформансот на секојдневно поставување под отворено небо по 3 бели листа (А4) и ѕидна инсценација на делото (3 вертикални низи по 8 листа, 283x71см)**



Фотографија: уметникот



















Фотографија: Денис Сарагиновски

# СОНЦЕ И МЕСЕЧИНА 2А И 2Б

**2009, во дворот на Станко Павлески, Снежана Алтипармак, Анета Симоновска и Јован Наумоски. По два листа А4, 80 гр хартија, еден месец изложени на атмосферски влијанија на наведените локации и резултатите заробени во проѕирна фолија**

---

**2009, Галерија Остен-Скопје, Светска галерија на цртеж 2009, 2А (четирите први листа во хоризонтална низа), 32x113см (поединечно, 32x23см), 2011, Музеј на современата уметност-Скопје, Невидливиот пејзаж и Културно инфирмативен центар на Р. Македонија, Софија, 2А и 2Б (првите и вторите листови во две хоризонтални низи по четири), 71x113см**



Фотографија: Филип Перески













Фотографија: Филип Перески

## СОНЦЕ И МЕСЕЧИНА 3А И 3Б

**26.09 - 06.10.2009, во дворот на М. Ничевски, Дојран и во дворот на Општина Дојран, лист хамер Б1, десет дена изложен на атмосферски влијанија.**

### 3А
хамер Б1 во рамка и 10 фотографии А3, 100x280см;



### 3Б
фотографија 120x109см, од изложеноста на хамерот, плитка кутија А3 со дрвените стапчиња користени за забодување на хамерот на локацијата, поставени на црвена кадифена подлога под стакло и книшка А5 (педесет стр. тираж: 100 примероци од преписката со Миле Ничевски (особено за мистериозното исчезнување на хамерот 3Б), десет примерока од книшката изложени на постамент 120x40x40см, променливи димензии.



Фотографија: уметникот






molam, smiluvaj se kon prijatelchinjata tvoi dragi, za da ne go pokrenat i Sonceto, a i Mesechinata na miting, ta vo pepel se da prestorat... super, veruvam i od Skopje kje se zaberat napomosh toa Gordite Crveni, ta stihijata i mene bi mozhela da me zafati i op-trap, eve me i mene vo podrshka, a jas kutriot, zatechen, pomisluvam deka KIKI sekako kje bide na barikadite i normalno ne se dvoumam... natamu, izvesna prikaska, druzhba do petlovi zori, rasparano nebo... vidi go ti Stanko, besramno, ostaj shto pomisluva deka dopira raskaz, veruva i deka Kiki sekako kje ja prifati glavnata uloga, a prijatele!?
Sedi si miren, nad 50-godishni ne im e nishto za veruvanje, a zgora, ovoj shto gi pishuva redovive imal i 22 godini akademski nastaven stazh i so studentki, kako e redot, gospod da go chuva!

Ete ti, si nemal gjavolot rabota ta si chepkal po raskaznoto, more po filmovi nevideni se raschepkal, demek, do samoto izrazno naumil da se dopre.

Golem pozdrav, drag prijatele, a nashta Kiki da ne si zaboravish da mi ja pozdravish...

PS. Vednash na mail kje ti gi ispratam i preostanatite fotografii (od Sonce i Mesechina i onie na Eli Chochova, shto milno se greeshe do Sonceto, me razbirash neli) i verojatno taka nenamaleni, za da bidam gjubre do kraj.

Mile Nicevski 17 October 2009 at 02:14

Ete gi simnuvam i arhiviram fotkite od meta blanc kolektorite (ovoj od pred vikendicka-cel, a od pred opstina do pola). Uff...pa i ne si napravil kojznae kolku stroga selekcija ama barem se pomali t.e taman da mi ostane vreme i za nankanje (neli, rabotam otkoa ke zaspie sin mi, znaci pocnuvam so rabota od 22h). **Ama pak kolektorot br.1 (vo "nasiot" dvor) mi naprai super film...ko "katedralata vo ruen" na Monet. Nesto kao (igrata-smenata na sonceto i mesecot...senki, insekti...a toa so ne go znaes (ke ti pratam denovive-epilogot od prikaskata), e deka ima i otisci od maceto i ostanati atmosferski tragi...neli, prirodata crtase vo tvoe otsustvo (i moe isto taka...bev samo nem svedok na 10 dnevnoto patiniranje/dejstvuvanje na sonceto, mesecot i mackata ...plus site ostanati (skakulci, mravki, baba vaska...inace neznam dali cu...imase strasna bura, dozdovi vo dojran...par dena otkoa si otide...ta kolektorot e...hm...ke mora da gi vidis zavrsnite fotki...epilogot). Malce e poekspresionisticki nego sto ocekuvav (veruvam ovaka na gradonacalanikot poise ke mu se dopadne...ke prepoznae oblici i bez**

12

**pogolemo angaziranje na imaginacijata).** Eli Chochova, t.e nejzinoto, kako da go narecam, parce hartija (ha?), - tancuvase, mrdase, letkase, se prepelkase, se greese na sonceto (reflektirano od kolekt. br.1), dremese na mesecinata (isto posredno)...pratese vo sekoj slucaj so se desava. Mene mi bese bas slatko, nejziniot odnos na student kon prof., ne vikam voaerizam ili parazitsko koristenje na tugja energija/ideja, posto ne izgledase taka...ednostavno izgledase (ova e moe neposredno iskustvo, nezabelezano na nikakov aparat) leprsavo, skromno, nevino, cisto...nesto ko nekoj apostol pocetnik (wanna be apostol...ne eden od 12-te), kako go posmatral (stradanjeto-recikliranjeto?) na Isus na raspetieto. Hm...inace ova parabola (i paralela) za raspetieto i kolektorot (zboram za toj sto bese kaj mene u dvor, toj pred opstina ne go pratev, neli) nekolkupati mi se nametna...sama od sebe. Baska, neli, bev svedok na "raspnuvanjeto" na "meta b. kolektorot" (koe go dokumentiravme), isto i na "simnuvanjeto od...", t.e spastruvanjeto/akumuliranjeto na energijata (sega go svitkav/cuvam vo rolna (i toa "simnuvanjeto.." go dokumentiravme, norm.), i cekam tvoi instrukcii).
Taka da, drag prijatele, neznam dali si ti Irod ili Isus (avtor na deloto ili samoto delo) vo slucajot, ama znam oti Eli bese (i e) nesto ko zenata koja go pratese nasiot gospodin, mu gi miese nozete, bez pritoa dlaboko da navleguva vo negovoto ucenje i misla. Ednostavno (zena ko zena, vprocem) pratese, posmatrase, se greese na (refleksiite) od sonceto i mesecinata. Ti zboruvam za denovite posle tvoeto napustanje na vilata. Znam (t.e se nadevam) deka nema da mi zameris na simbolikata i metaforite koi gi koristam za da ti gi opisam trite dena po tvoeto napustanje na vilata/konferencijata...nitu ke me obvinis za blasfemija so si priustiv vakvi metafori da go opisam epilogot/krajot (?)- pocetokot(?), na tvoite "meta beli kolektori".
**I uste nesto (uh, ova e zeznatiot del), vtoriot kolektor - toj sto bese raspn...ova, postaven pred opstinata na Iro...ova, Gligor Kmetot, vo tekot na nokjta koga bese najsilna burata - iscezna. Najseriozno, bez tendencija da mistificiram dodatno, meta b. kolektorot br.2, izglea se iskina i iscezna...stvarno bese uzasna bura...Utredenta nebese tamu (samo klinovite t.e stapcinjata bea tamu...duri i gi sobrav, vo nekakvo pseudo-religiozno raspolozenie, i gi socuvav). Si velam, Mile, Stanko smoze da te optuzi za neodgovornost...ama jas go doziveav ko "Zatvoranje na krugot"...apsorbiranata (zarobenata?) energija - sosem prirodno si se rasplini, rasturi, razlea po Dojranot...se izreciklira...ili ti voskrsena (da se izrazam, neli, vo istiot stil). Drugoto t.e prvoto delo e socuvano i citavo...vo rolna (fotki ke ti pratam, no**

13

## Experimental drawing workshop - Dojran 2009



Mile Nicevski, 10 September 2009 at 05:45

… Dragi prijateli i kolegi, negde od 25 sept., pa narednite 10 dena (okolu 25-26. 09., uste ne e utanacena precizno datata), vo Dojran (!) vo vikendicka (!), organiziram "Experimental Drawing Workshop" (raboten naslov). "Rabotiln. za sovremen crtez". Potocno: ... ko/izmegju rabotilnica, seminar, odmor, kolonija i laboratorija za sovremen crtez, ke trae 7-8 dena, a vikendicata ke bide na raspolaganje nekoj 10-12 dena i ke ucestvuvaat do 7-8mina avtori od "esnafot"
Ne e tolku bitno crtackoto iskustvo i crtackoto portfolio kolku nacinot na koj gi gledaat rabotite, neli. Znaci, biva i fotografi, filmadzii, muzicari, web dizajneri, modni dizajneri...
... Znaci toa e toa vo princip... se druzime, odmarame, kulirame (kuliranjeto e zadolzitelno), iame nekoj osnovni crtacki materijali, kupista hartija...imame 3 restorana kade ke se hranime (riba i vino); stara vikendicka, plus hotelski sobi (t.e ako nema mesto vo vikendickata). Plateni patni trosoci. Juznjacka atmosfera. (plus Dojran e sea out of sezona, a kako sto procitav vo nekoj turist. prospekt, sega vozduhot e poln so jod (cvetaat tie poznat. lek. algi) a okolu ezeroto mesta so lekovita kal (za kozni bolesti i reumi). Cigari, ekleri, smecka ledja i sl. e na vas grb.
… Taka da - bujrum, ve ocekuvam. Do 14 sep. moram da znam. Pozdrav, Mile
...

Mile Nicevski, 17 October 2009 at 02:14

**… Ama pak kolektorot br.1 (vo "nasiot" dvor) mi naprai super film...ko "katedralata vo ruen" na Monet. Nesto kao (igrata-smenata na sonceto i mesecot...senki, insekti...a toa so ne go znaes (ke ti pratam denovive-epilogot od prikaskata), e deka ima i otisci od maceto i ostanati atmosferski tragi...neli, prirodata crtase vo tvoe otsustvo (i moe isto taka...bev samo nem svedok na 10 dnevnoto patiniranje/dejstvuvanje na sonceto, mesecot i mackata ...plus site ostanati (skakulci, mravki, baba vaska...inace neznam dali cu...imase strasna bura, dozdovi vo dojran...par dena otkoa si otide...ta kolektorot e...hm...ke mora da gi vidis zavrsnite fotki...epilogot). Malce e poekspresionisticki nego sto ocekuvav (veruvam ovaka na gradonacalanikot poise ke mu se dopadne...ke prepoznae oblici i bez pogolemo angaziranje na imaginacijata)**
… Kako samo nemo go posmatrav (stradanjeto-recikliranjeto?) na Isus na raspetieto… Hm...inace ova parabola (i paralela) za raspetieto i kolektorot (zboram za toj sto bese kaj mene u dvor, toj pred opstina ne go pratev, neli) nekolkupati mi se nametna...sama od sebe. Baska, neli, bev svedok na "raspnuvanjeto" na "meta b. kolektorot" (koe go dokumentiravme), isto i na "simnuvanjeto od...", t.e spastruvanjeto/akumuliranjeto na energijata (sega go svitkav/cuvam vo rolna (i toa "simnuvanjeto.." go dokumentiravme, norm.), i cekam tvoi instrukcii).
... Znam (t.e se nadevam) deka nema da mi zameris na simbolikata i metaforite koi gi koristam za da ti gi opisam trite dena po tvoeto napustanje na konferencijata...nitu ke me obvinis za blasfemija so si priustiv vakvi metafori da go opisam epilogot/krajot (?)- pocetokot(?), na tvoite "meta beli kolektori".
**I uste nesto (uh, ova e zeznatiot del), vtoriot kolektor - toj sto bese raspn...ova, postaven pred opstinata na Iro...ova, Gligor Kmetot, vo tekot na nokjta koga bese najsilna burata - iscezna. Najseriozno, bez tendencija da mistificiram dodatno, meta b. kolektorot br.2, izglea se iskina i iscezna...stvarno bese uzasna bura...Utredenta nebese tamu (samo klinovite t.e stapcinjata bea tamu...duri i gi sobrav, vo nekakvo pseudo-religiozno raspolozenie, i gi socuvav). Si velam, Mile, Stanko moze da te optuzi za neodgovornost...ama jas go doziveav ko "Zatvoranje na krugot"...apsorbiranata (zarobenata?) energija - sosem prirodno si se rasplini, rasturi, razlea po Dojranot...se izreciklira...ili ti voskrsena (da se izrazam, neli, vo istiot stil). Drugoto t.e prvoto delo e socuvano i citavo...vo rolna, fotki ke ti pratam, no cekam instrukcii...**
Ete, morav da ti reportiram za ova, hm, kako da go narecam, surealno iskustvo...Ne se osmeluvam, i pokraj blagata ironija sto ja koristev vo mailov (ne sum ateist, ama ne idam ni vo crkva sekoja nedela) da go narecam religiozno iskustvo...najnakraj ti go preraskazav moeto licno i neposredno dozivuvanje...a ti vidi sea i kazuvaj sto, kako... Se citame, Mile

# Авторски низ појавното 4

## УМЕТНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ПЛАНИНА

28.07 - 07.08.2010 Манастир св. Богородица, Сливница, Преспа, (изложба во Велес 02.08.2011 и Ресен, 09.08.2011)

**ИЗДАВАЧКА КУЌА ОКНАТ ЕЛВА ОВОЕТ - ПИШУВАНА УМЕТНОСТ (ТОКМУ ПРОЕКТ)**, 2011, штанд и книга: 23 раскази, 211 стр. А5

На штанд, освен последната книга (наведена погоре) и книшката што и претходи насловена Во Најава: Пишувана уметност (Токму проект)-три воведни раскази (2010), изложен е и преостанатиот дел од тиражот на претходните изданија: Ненапишана книга до посредувачот (2002); Книга над кориците (2004); Проект Предговор: Како да напишам добра критика како што пишуваат ликовните критичари? (2005); Јас Птоломеј МКД & Н.В. Ништото (2009) и последниот наслов Подморница ТМРЦ (Тајна македонска работилница за цртеж) Deadline (2012).
На симулираниот штанд на лажната Издавачка куќа Окнат Елва Овоет (еден од моите два псевдоними) изложена е книгата раскази Пишувана уметност, работена последнава година. Книгите се подредени една врз друга во форма на квадар. Во мое присуство книгата со авторски потпис ја продава ангажирана хостеса по популарна цена. Инсценацијата е поткрепена со



пригодни акцесориуми: идентификациски картички на куќата, означувачки столни картички, налепници, хартиени кесички, bookmarks ленти... со лого на куќата. Книгата ја најавив за време на престојот во рамките на Авторски низ појавното 4, а тоа е убаво опишано во расказот „Десет палети исчезнување”:

> „Петтиот, што уста не отвораше на подиструшени апсолвирани теми, срамежливо нѐ почести со неговото појавно, нему месец-два најпојавно од сѐ, некакво скромно книжуле од педесетина страници насловено „Во Најава... Пишувана уметност (Токму проект)”... она што наумил да раскажува до следното лето и вистина решил расказите да ги доведе до книга...”

Зошто се одлучив и поверував дека зборот може да ја замени мојата уметност е претставено во првиот расказ „Слобода или смрт”:

> „Можеби проценил дека баш сега му дошол вистинскиот момент да фати планина, а тој ништо не правеше случајно, освен што случајностите ги почитуваше онолку колку и намерите во создавањето на неговата уметност” (...) „Велеа и тоа дека баталил скулптура, во што никако не можев да поверувам. Слушав и појаснувачки муабети (од каде ли им беа информацииве?) дека се фрлил на пишување на уметноста, и не некаква белетристика, туку баш уметноста, небаре истата онаа што љубоморно ја создаваше зад вратите на Засолништето, од која се препотував во сонот, всушност истата таа отсликана во зборови, во расказ престорена.”






Фотографии од видео: Марија Цунова

# ДЕСЕТ ПАЛЕТИ ИСЧЕЗНУВАЊЕ

Првиот, паметно зборуваше ..................................... ............. и редовно многу викаше.

Вториот, исто, паметно зборуваше ......................... ............. и пцуеше под мустак ко за себе.

Првиот, што многу викаше како паметно зборуваше, и на Боготодица во храмот свети и се развика, кога ни се обрати, што и малиот Исус заплака во нејзините раце, такво му беше грлото, дури и ранохристијаните во гробовите на Голем Град ги раздвижи (на задоволство на туристите), та и денешниве христи и антихристи...

Уживав во неговото говорење, дикцијата и синхронизираната гестикулација.

Вториот, фучеше-чадеше-дуваше и псуеше ко за себе, како паметно зборуваше, дури и болникав под температура, сѐ занимливости до бескрај, до хипноза говореше и на сѐ опонираше.

Уживав во неговото говорење колку и тој што уживаше...

Не знаеш кој е по говорлив, Првиот или Другиот.

Првиот, што викаше како паметно зборуваше, еднаш извика дека Дадаизмот не е уметност.

Вториот, што си фучеше..., секогаш, дури и за ништо, на тоа извика: ДАДА НЕ Е МРТВА! Фати да го убедува Првиот дека неговото не е исправна теза и дека не се согласува со таквиот став, дури и одмавна



Фотографија: уметникот

со раката, но не опсу.

Третиот и Четвртиот, Таа и Тој, си ја гледаа работата и постојано го бркаа сонцето, од изгревање до заоѓање, и длабоко во ноќта, приквечерното особено, па замаени од светлината и темнината, и од сивилото на облаците нескротливи, не коментараа многу но, си кажаа, си дадоа две големи ДА - ДАДА.

Петтиот, со ДАДА си беше пријател, па Гласот беше извесен, но вообичаено уста не отвораше на подистрошени апсолвирани теми.

Шестиот, најчесто сеир си гледаше и уста не отвораше за ништо на светот.

Седмиот, на заебанција ја фаќаше и сѐ одобруваше. Релативното вистински нема граници, па тој ги тестираше разврзувајќи за треперењето на лисјата, жегата летна, или жуборот на потокот, дувањетооо на ветрот, по нешто за убавината на жената, минотаурот..., избегнувајќи да гласа...

Осмиот, се смееше и убаво му беше, а очите му светкаа шурум отворени, во подзаморените капаци од ненаспаност, па не гледаше никаква причина од Глас.

Деветиот, беше растрчан на четири тркала, дури и во сонот брмчеше, можеше и на ДАДА да одбрмчи доколку станеше сериозна работата.

Десетиот, си имаше задача, си беше зафатена грижливо да ги регистрира сите чуда и ништо да не пропушти вистинито да биде предадено на историјата.

Единаесетиот, беше Мама, а таа не караше ако не јадевме редовно и доволно.

Дванаесетиот, беше Тате, а тој пак, не караше ако не мезиме кога пиевме, дури и се маскираше во бело за да не насмее и да повлијае на нашиот апетит, за да ни удоволи што ќе посакавме.

Е да, имаше и други убавини и сенешта други меѓу редовите паметно зборување, фаќањето облаци, молчењето од убеденост, индиферентното молчење, релативизирањата од заебанција, фантазмите во движење, фаќањето историја...

Првиот, не беше сослушан да ги изнесе аргументите за својата теза.

Но ете, особеното расположување на духот и анти-уметничкото потсмевање на убавината сепак имаше свој тек... кога Првиот, што извика дека Дадаизмот не е уметност, тргна да си легне, без трошка лутина поради малкуте гласови што ги доби за својата теза, туку навикнат што е ден што ноќ, и ни посака убави соништа пред да загази да изврви по тревата кон скалите за угоре, та и по нив, што притоа закрцкуваа од самото бреме долга меморија присуство, што длапка излижало по средината, до чардакот и по него стенкуваше сѐ, сѐ до вратата, одајата, креветот, перницата, сонот... на Вториот, што притоа ја опсу тревата, тивко ко за себе, та му се припушти и гласот (небаре Тристан Цара во Кабаре Волтер) дека сме се спасиле од попувањето и секаквото морализирање на Првиот, кога тој само што го допираше крајниот раб на манстирската негувана трева кон скалите. Го слушна врашкиот коментар и

во мигот запре, стаписан, но веднаш се сврте отсечно и го даруваше Вториот со улав, како веќе му викна, брлив, нетокму-така некако, а штом размениjа уште по некое име на лутината...

Заврши прикаската.

Првиот, наспан си стана рано, испивме чај од свеж кантарион што го береше во близина и уживавме во утрото... Му се јави издавачот и немаше одлагање, мораше да замине ден порано...

Во „авторската соба" се крчкаше уметност и што сè друго не се правеше, во духот на Авторски низ појавното [(4 ), 2010-то лето, Манастир св. Богородица, Сливница, Преспа, Македонија]

Немав глава сè да запаметам од инвентивните предлози уметност, кога авторски ќе пукнеа главите. Но ова го запаметив: Биенале на Стари по селекција и жири на Млади, стручни, одговорни и непоткупливи, како ги беа учеле, за сè ниво да си биде; Перформанс-Богородично коло за колективен транс, со петнаесетминутни соло партии, сето во кореографија на Седмиот, за што определивме и термин, но и неколку доцнавечерни термини за пробите, за да се избегне секаков ризик од уметничко фалширање, покрај импровизациите што ќе беа услов и посебно на цена; Авторски низ појавното 5, или некое следно од Уметничкото дејствување во природа, да биде само со геј уметници, мажи, се разбира; Организацијата на АнП 5 да ја превземе Стројна Мома, на пр. Десетката, та да си викне нејзини другарки и здраво спојување со појавното да си направат... или, и тоа се сврте во муабетот, точно седум клона да си направи Момата и најкул Дејствување да биде... а мажите на игнор, е не!

Луѓето зрачеа светлина, иако илјада пати помала од нашите природни моќи за забележување. Сите ги гледав розово кога нивната светлосна аура беше најинтензивна.

